НАТО СИЛИ НА ИДНИНАТА | ПОД ЗНАМЕТО НА ОН | ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ВОЈНАТА | АВИОН „BELL 525 RELENTLESS“

# ШТИТ

Број 136
Февруари 2021
ISSN 1857-6710
9 771857 671002

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



## Во 2021 година ќе го покажеме своето место во НАТО

Интензивна обука на припадниците на НАТО декларираната единица









# Во 2021 година ќе го своето место во

Дел од припадниците на Лесната пешадиска баталјонска група, која е нашата НАТО декларирана единица, во касарната „Јане Сандански“ во Штип започнаа со интензивна обука, со цел да се постигне целосна борбена готовност до средината на 2022 година, кога и ќе бидат оценети според НАТО стандарди. Министерката Радмила Шекеринска на 5 јануари ги посети припадниците на оваа единица во Штип, при што истакна дека, иако рокот за подготовка е краток, а очекувањата високи, со покажаното водство и посветеноста на младите војници, се очекува успех во оценувањето. „Во 2021 година главниот акцент ќе го ставиме токму на нашиот капацитет во Штип. Овде, и во текот на 2020 година, но особено оваа година, ќе обезбедиме навистина подобри услови за работа, за вежбање, за подготовка за НАТО предводени операции. Затоа задоволство ми е да кажам дека тука своја шанса за работа и за напредок ќе добијат најдобрите млади војници, подофицери и офицери коишто ќе ги исполнуваат повисоките критериуми и кои што ќе покажат резултати“, рече министерката Шекеринска. Таа додаде дека обуките започнаа во 2020 година заедно со тимовите



# покажеме НАТО

на Обединетото Кралство, а сега тие обуки ги продолжуваме самостојно. „Го научивме тоа што може од сојузниците, сега продолжуваме и самите да работиме и да создаваме единица којашто гордо ќе го носи и македонското знаме, ама и значката на НАТО припадност“, рече министерката. Министерката Шекеринска порача дека 2021 година е година во која ќе го покажеме своето место во Алијансата и ќе докажеме на дело дека сме посветен сојузник. „Ако во 2020 година главниот позитивен настан за сите нас беше членството на Република Северна Македонија во НАТО, после речиси триесет години чекање или трчање, во 2021 година, на сите нас во одбраната, фокусот ќе ни биде практично да докажеме и да се покажеме на дело какви сме како членка на Алијансата“, заклучи министерката.







# содржина

ШТИТ година XIII број 136 февруари 2020


Инфо 5

НАТО активности
**Центри на Сојузничката команда за трансформација на НАТО** 6

НАТО активности
**НАТО силите на иднината** 8

НАТО активности
**НАТО процесот на одбранбено планирање** 11

Мировни мисии
**Под знамето на ОН** 14

Едукација
**Трансформација на војната** 20

Глобал
**Исламски тероризам Грешка во наративот** 24

24 часа
**Хероите од Баталјонот за медицинска поддршка во борбата со КОВИД-19** 28

Вооружување
**„ЈАК-38“ – советски авион со вертикално полетување/ слетување** 32

Вооружување
**Хеликоптер „Bell 525 Relentless“** 34

Вооружување
**ARMA 6x6 – повеќенаменско оклопно возило на тркала** 36

Низ историјата
**Историја на конфликтите во Египет** 40

Воени музеи
**Артилерискиот воен музеј во Санкт Петербург** 46

Незадолжително
**Сапунот – повеќе од личен заштитник** 51

Филм
**„Паскал“** 56

# До нашите мировници

Република Северна Македонија своето учество во меѓународни мировни мисии и операции го започна во далечната 2002 година. Оттогаш изминаа речиси две децении на постојан придонес на нашите припадници во мисии и операции предводени од ООН, НАТО и ЕУ. Од 2002 година до денес придонесот со човечки капацитети во мировните операции се менувал според планираните ресурси и потребите на меѓународната заедница. Во периодот од 2002 до 2020 година, повеќе од 4000 припадници на Армијата на Република Северна Македонија учествувале во меѓународни мировни операции. Придонесот на нашата земја во мировните мисии во текот на изминатите години беше препознатлив и високо ценет во меѓународни рамки и многумина од припадниците на Армијата се здобија со ордени, медали и пофалби за посебен придонес во рамките на мисијата во која учествувале, а македонското знаме ширум светот стана препознатливо по посветеноста и професионалноста на армиските припадници. Со зачленувањето на нашата земја во НАТО и официјално станавме посакуван сојузник во мировните мисии на најголемиот воено-политички сојуз и не застануваме со ротациите во мисиите. Од минатата година го зголемивме придонесот и со учество во мисијата КФОР, што покажува дека можеме да придонесуваме и за регионалната безбедност. Исто така, за прв пат даваме придонес и во мисијата на ЕУ во Централноафриканската Република, што претставува ново искуство и во мисиите на ЕУ, а продолжуваме и со придонес во мисијата УНИФИЛ на Обединетите нации.

Далеку од дома, во неизвесноста на конфликтните и постконфликтните региони, нашите мировници ја поминаа и 2020 година, годината на големата светска пандемија, исполнувајќи ги задачите и целите на мировната мисија во добро здравје и работно. Неколкумина од нив и директно се соочија со болеста и, за среќа, сите успешно се справија со вирусот и продолжија со активностите.

Министерката за одбрана Радмила Шекеринска, заменик-началникот на ГШ, генерал Азим Нуредин и командантот на КО, генерал Павле Арсоски, на почетокот на новата 2021 г. остварија видеоконференциска врска со неколку припадници од Армијата кои се дел од различни мисии под знамето на НАТО, ЕУ и ООН. Министерката Шекеринска во своето обраќање до учесниците во мисиите, пред сè, им се заблагодари што и во услови на светска пандемија и нови предизвици, најпрофесионално, најпосветено и најмотивирано ги извршуваат своите задачи далеку од домот и семејството, посакувајќи им на сите добро здравје и понатамашни успеси во извршувањето на задачите. Таа истакна дека оваа генерација на мировници ќе влезе во историјата како генерација која прва покажала која е нашата вредност, но не само како партнер, туку и како полноправен член на НАТО, како нејзин сојузник.

На видеоконференциската средба учествуваа припадници на македонските контингенти во мисиите на НАТО „Одлучна поддршка“ во Авганистан и КФОР на Косово, мисиите на Европската унија, АЛТЕА во Босна и Херцеговина и во Централноафриканската Република и мисијата на Обединетите нации во Либан, УНИФИЛ. Тие испратија единствена порака – дека моралот и здравјето се на високо ниво, дека задачите ги извршуваат доследно и имаат одлична соработка со своите колеги од сојузничките земји.

И ние, од Редакцијата на „Штит“, на нашите припадници-учесници во мировните мисии ширум светот, им посакуваме добро здравје и успех во мисиите и да продолжат да нè претставуваат во светот како наши најдобри амбасадори.

д-р Жанет Ристоска


Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)





ШТИТ
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

**Излегува еднаш во месецот на web-страницата на Министерството за одбрана www.mod.gov.mk**


„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;



Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.





# Македонски медицински хируршки тим ќе биде дел од НАТО мисијата во Авганистан

Министерката за одбрана Радмила Шекеринска и министерот за здравство Венко Филипче на 12 јануари се сретнаа со шестчлениот хируршки тим од јавното и военото здравство кој ќе биде распореден во рамките на норвешката болница во Кабул, Авганистан, од март до септември годинава. Пред упатувањето во мисијата „Одлучна поддршка" во март 2021 година, на тимот му претходи тримесечна обука која ќе се реализира во Кралството Норвешка, заедно со норвешките колеги кои ќе бидат дел од истата ротација во Кабул. Оваа обука ќе се состои од основна воена и тимска обука, предавања и работа во групи, по што ќе следи и специјална обука за воена хирургија. „Вие сте првиот македонски хируршки тим кој ќе учествува во НАТО мисија како тим од земја членка. Ќе учите од најдобрите, бидејќи нашиот партнер, Норвешка, е позната по развивањето на воената медицина", рече министерката Шекеринска. Таа додаде дека Северна Македонија како членка на НАТО до 2028 година треба да развие НАТО способност во форма на хируршки тим кој ќе стои на располагање како НАТО ресурс. Учеството во оваа мисија во Авганистан е еден од чекорите за подготовка и развој на оваа способност. Честитајќи им на изборот, министерот Филипче ја истакна важноста на учеството на нашиот тим во мисијата „Одлучна поддршка" и рече дека овој проект е важен не само за Министерството за одбрана туку и за целата држава, бидејќи членството во НАТО значи и развивање на медицински тимови за брза интервенција. „Од вашето



учество во мисијата ќе има бенефит целокупниот систем на јавното здравство, бидејќи вашето знаење ќе го применувате, но и ќе го пренесете на специјализантите и на студентите", рече министерот. Тимот брои тројца доктори специјалисти – по трауматологија, по општа хирургија и по анестезиологија и три медицински сестри. Петмина од нив се од јавното здравство, а една е медицинска сестра од Баталјонот за медицинска поддршка на Армијата на Република Северна Македонија. Вклучувањето на докторите и на медицинските сестри од јавното здравство во рамките на ротацијата во норвешката болница во Кабул е врз база на Меморандумот за соработка помеѓу Министерствата за одбрана и Министерството за здравство, според кој составот на тимот го обезбедува Министерството за здравство, а финансиските средства се обезбедени од Министерството за одбрана. Трошоците за обука и логистичка поддршка во мисијата ги покрива Кралството Норвешка.

# НГШ во посета на припадниците на Армијата ангажирани на јужната граница

Началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, во првиот ден од новата 2021 година, придружуван од командантите на Командата за операции, генерал-мајор Павле Арсоски, командантот на 1.пешадиска бригада, бригаден генерал Бесник Емини, на 4.пешадиски баталјон, потполковник Горан Трајаноски и првите и главни подофицери, ги посетија припадниците на Армијата ангажирани на јужната граница во реонот на Гевгелија. Во текот на обиколката на армиските припадници кои се од составот на 4. пешадиски баталјон, генералот Ѓурчиновски ги пофали припадниците за професионалноста и ангажирањето во асистенција на припадниците на Граничната полиција во спречување на нелегални преминувања, коешто се реализира во редовни ротации непрекинато веќе шеста година, во



сите временски услови, грижејќи се за безбедноста на граѓаните и за државниот суверенитет. Во рамки на посетата, генералот Ѓурчиновски од страна на одговорниот старешина беше информиран за актуелната состојба на овој дел од државната граница. Генералот Ѓурчиновски кон крајот на 2020 г. во знак на поддршка за ангажманот на припадниците на Армијата во асистенција на институциите и помош на граѓаните во справување со спречување на ширењето на вирусот COVID-19, ги обиколи припадниците од речиси сите единици од гарнизоните ширум Републиката.

# Свечена заклетва

Во касарната „Алексо Демниевски-Бауман" во Велес се одржа церемонија по повод давање свечена заклетва на новопримените професионални војници кои се приклучија во редовите на Армијата. На свеченоста присуствуваа заменик-министерот за одбрана, Башким Хасани, заменик-началникот на ГШ, генерал-мајор Азим Нуредин, претставници од Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија, претставници од Министерството за одбрана и заменик-командантот на КОД, полковник Стојанче Тодоров. Заменик-министерот за одбрана, Башким Хасани, упати честитки до војниците кои одлучија да се приклучат во Армијата, институција во која нашите граѓани имаат најголема доверба. „Влегувате во институција која е најпочитувана, најценета, институција која своето реноме го има изградено затоа што секогаш и секаде била прва во помошта на нашите граѓани. Тоа е факт кој може да се види и во текот на оваа



голема здравствена криза. Довербата која ни ја даваат граѓаните треба да биде мотив да бидете целосно посветени на професијата, но да претставува и одговорност и вие со вашите постапки да продолжите да го чувате угледот на ова наше заедничко семејство", истакна заменик-министерот во своето обраќање. Командантот на Центарот за индивидуална обука, потполковник Виктор Еркиќ, истакна дека по краткиот период за приспособување започнува главниот предизвик, а тоа е совладување на основната борбена обука, а целото знаење што ќе го стекнат овде ќе биде основа за нивниот понатамошен развој како идни припадници на Армијата.



# Центри на Сојузничката команда за трансформација на НАТО

Командната структура на НАТО има примарна улога да обезбеди командување и контрола, потребна за справување со заканите, одвраќање од насилството и вооружен напад врз територијата на нападнатата сојузничка држава или напаѓачот. Командата за трансформација е наследник на Командата на сојузничките сили на Атлантикот (Allied Command Atlantic - ACLANT), основана во 1952 година. Нејзина цел била да ги заштити морските линии на комуникација помеѓу Северна Америка и Европа. Таа е формирана после реорганизација на командната структура на НАТО за време на самитот на НАТО во Прага во 2002 година. Ова довело до деактивирање на командата на сојузничките сили на Атлантикот и создавање на Сојузничката команда за трансформација, ефективна од 19 јуни 2003 година. Сојузничката команда за трансформација е предводена од врховниот командант на сојузничките сили за трансформација (Supreme Allied Commander Transformation - SACT односно од Supreme Allied Commander Atlantic - SACLANT). Тој е генерал со четири ѕвездички, а за своето работење одговора пред Воениот комитет, составен од воени претставници на началниците на одбраната на земјите членки на НАТО. Откако Франција се приклучи на воената командна структура на НАТО во средината на 2009 година, се случиле значителни промени. Франција одлучила целосно да учествува во структурите на НАТО по повлекувањето од интегрираната воена структура во 1966 година, а врховниот командант на Сојузничката команда за трансформација станал француски генерал. Сојузничката команда за трансформација е насочена околу четири главни функции: стратешки насоки, развој на способности, образование, обука и вежби и соработка и ангажирање на силите. Оваа команда насочува мал број на подредени команди со силни врски околу обуката и тренинг на персоналот. Во нејзина рамка се наоѓаат три подредени ентитети: Здружен центар за војување во Норвешка, Центар за обука на здружените сили во Полска и Заедничкиот центар за анализа и научени лекции во Португалија. Здружениот центар за војување (Joint Warfare Centre – JWC) е основан во 2003 година во Stavanger, Норвешка, а достигнува целосна оперативна способност во текот на 2006 година. Станува збор за мултинационална

Воената командна структура на НАТО е составена од Сојузничка команда за операции и Сојузничка команда за трансформација. Сојузничката команда за трансформација (Allied Command Transformation – ACT) е лоцирана во Норфолк, Вирџинија, САД (Naval Station Norfolk, Navy Base in Norfolk, U.S. Navy's Fleet Forces Command). Таа се фокусира на трансформацијата на НАТО, додека Сојузничката команда за операции има надлежност над операциите на Алијансата



организација со фокус на обуката на НАТО за војување преку целиот спектар од операции на здружено ниво со колективна обука. Здружениот центар за војување планира, подготвува и извршува заедничка обука за поддршка на операциите на оперативно ниво. Тој поддржува развој на концепти и одржување заедничка оперативна доктрина. Како дел од командната структура на НАТО, директно ги поддржува мисиите на врховниот сојузнички командант за трансформација (SACT) и врховниот сојузнички командант за операции на Европа (SACEUR). Центарот обезбедува колективна обука за поддршка на SACEUR во сите фази на планирање, извршување и анализа, а во согласност со Би-Стратешката програма за воена обука и извежбување. Обезбедува и спроведува вежби за сертификација на Силите за одговор на НАТО (NRF). Здружениот центар за војување придонесува за развој и зајакнување на односите и интеграција на националните организации за обука и команда, владини и невладини организации, како и регионални безбедносни организации и партнери, во согласност со утврдената политика и принципи. Од своето основање во 2003 година, овој центар во своите активности вклучил скоро 79.000 лица од членките на НАТО и партнерите. Тимовите за сценарио создаваат и развиваат сложени и реални сценарија, вклучувајќи настани, инциденти и оперативни дилеми со т.н. пристап од 360 степени кон тековните и дојдовните закани. Вклучуваат активности за развој на војувањето, тестови, валидација и интеграција на нови концепти и развој на доктрините, со примена на процесот на научени лекции.

Центарот за обука на здружените сили (Joint Force Training Centre – JFTC) со седиште во Бидгхошч, Полска, започнал со работа во 2004 година и се фокусирал на заедничка и комбинирана обука на тактичко ниво. Достигнал целосна оперативна способност во текот на 2006 година. Соработува со други национални центри за обука, вклучително и со центри за обука од Партнерството за мир и центрите за извонредност. Како приоритет, Центарот обезбедува поддршка на Силите за одговор на НАТО (NRF), фокусирајќи се на заеднички и комбинирани компетенции. Овој центар има моќ за зајакнување на способноста на НАТО, да проектира стабилност, да ги одвраќа противниците и да ја брани Алијансата. На пример, тој ја продолжува обуката за советниците распоредени во мисијата „Одлучна поддршка“, а од 2019 година центарот обезбедил слична обука за мисијата на НАТО во Ирак. Центарот за обука на здружените сили активно ја



поддржува структурата на командите на НАТО и структурата на силите на НАТО. Тој е најсовремената платформа за експериментирање и иновации, а со својата модерна ИТ платформа обезбедува софистицирани тестови и експерименти на можности што можат да се користат како поддршка на сојузничка обука и операции. Вежбите на годишно ниво од типот Coalition Warrior Interoperability Exercise (CWIX), инволвираат околу 1500 учесници од близу 40 НАТО и партнерски нации, повеќе команди, агенции и организации на НАТО.

Здружениот центар за анализа и научени лекции (Joint Analysis and Lessons Learned Centre – JALLC) се наоѓа во Лисабон, Португалија. Основан во 2002 година со мисија да служи како центар на НАТО за вршење заедничка анализа на операции, обуки, вежби и експерименти, вклучително и воспоставување и одржување интерактивна управувана база на податоци на научените лекции на НАТО. Ги продуцираше NATO Joint Analysis Handbook и  NATO Lessons Learned Handbook, а беше домаќин на Конференцијата за научени лекции на НАТО. Објавен е и порталот за научени лекции за да се надополни базата на податоци на научени лекции на НАТО. Го анализираше проширувањето на тактичката способност, односно го истражуваше сегашниот модел на тактичка воздухопловна команда и контрола (TacAirC2) на НАТО и како тој може да се вклучи во сценарио за голема здружена операција, со цел да се оптимизира интеграцијата на воздушните и копнените сили во Алијансата. Како директен резултат на независна анализа и препораки на Центарот, неколку команди во рамките на Алијансата ќе спроведат конкретни мерки за подобрување на идните борбени способности на воздушните и копнените сили на НАТО.

Во 2010 година, Здружениот центар за анализа и научени лекции го формираше советодавниот тим и тимот за обука на центарот за да им помогне на НАТО и НАТО партнерските нации и организации да ги развиваат или да ги подобрат своите способности за учење лекции и споделување информации кои се од заемна корист за Алијансата.

Драган Павловски



# НАТО силите на иднината – опкружување и задачи

Константното усовршување на способностите на НАТО силите е првиот предуслов за истите да бидат во предност пред потенцијалните противници и идни предизвици. Принципот на одржување предност на секое поле е карактеристика која НАТО се стреми да ја задржи и токму затоа, будно работи на процена и анализа на она што идното безбедносно опкружување може да го донесе

НАТО, како воено-политичка организација има обврска да ја гради и да ја одржува својата воена и политичка компонента. Политичката дејност на Алијансата има цел да ги промовира демократските вредности и да поттикнува соработка и консултација помеѓу нациите за заедничко надминување на безбедносните прашања, да промовира решавање на споровите по мирен пат. Сепак, не смее да се заборави дека во исто време НАТО константно ја одржува и ја гради својата воена компонента која во суштина го претставува нејзиниот главен елемент на сила. Со оглед на нејзиниот удел во градењето на светскиот мир, несомнено Алијансата би останала светски фактор во решавањето на безбедносните прашања. Поради ова, константното усовршување на способностите на НАТО силите е првиот предуслов за истите да бидат во предност пред потенцијалните противници и идни предизвици. Принципот на одржување предност на секое поле е карактеристика која НАТО се стреми да ја задржи и токму затоа, будно работи на процена и анализа на она што идното безбедносно опкружување може да го донесе. Оваа процена, во суштина, е првиот



чекор во планирањето на капацитети на силите за да бидат ефективни, па затоа аналитичките механизми на Алијансата работат за да откријат на што треба да ги подготвува силите на своите земји-членки. Резултатите од ваквите анализи укажуваат на фактот дека состојбите на нестабилност во иднина би варирале од пролиферација и закана од употреба на оружје за масовно уништување, конвенционална војна или ескалација на закани, општи глобални нарушувања, преку нерегуларни војни со недржавни актери и терористички напади, проследено со хибридна војна, сајбер и информациско војување и напади на критична инфраструктура, па сè до глобални пандемии, загрозување на цивилното население и природни и вештачки катастрофи.
Динамичноста, двосмисленоста и





Проценето е дека предизвиците со кои ќе се соочува НАТО до 2035 година и потоа ќе бараат силите да бидат кредибилни, вмрежени, подвижни (агилни), свесни и еластични. Поседувајќи ги овие карактеристики, силите на Алијансата ќе треба да ги извршуваат своите наменски задачи во идното безбедносно опкружување

несигурноста што го карактеризираат идното безбедносно опкружување се потврдува со фактот дека светот сè повеќе се трансформира со огромна брзина паралелно во повеќе меѓусебно поврзани области. Достапноста на информациите е зголемена исто толку колку што е зголемена и можноста за меѓусебно комуницирање на луѓето. Ова директно влијае на безбедносното опкружување, од аспект што настаните и одлуките коишто се случуваат во еден регион, поради овие услови можат да имаат влијание врз животот на другите низ остатокот од светот. Со други зборови, интензивирањето на информатичката и економската глобализација ја отвора можноста за пораст на дезинформациите, поларизацијата, поттикнување на националистичките реакции и антиглобализациските чувства. Големината на конфликтите предизвикани од наведените ситуации на нестабилност би се движеле од појава на судири со висок интензитет до природни катастрофи и, токму затоа, иститие се користат како појдовна основа за анализирање и процена за определување на карактеристиките и способностите кои треба да ги поседуваат силите на НАТО во иднина за успешно справување со идните безбедносни предизвици.

Проценето е дека предизвиците со кои ќе се соочува НАТО до 2035 година и потоа ќе бараат силите да бидат кредибилни, вмрежени, подвижни (агилни), свесни и еластични. Поседувајќи ги овие карактеристики, силите на Алијансата ќе треба да ги извршуваат своите наменски задачи во идното безбедносно опкружување. Според ова, планирачките авторитети и фактори на земјите членки на НАТО треба да предвидат и да овозможат развивање на капацитети и способности, и тоа во следните области: подготвување, проектирање, ангажирање, заштита, одржување, информирање и консултации, командување и контрола (К3). Потребата за развивање на способности токму во овие области е произлезена од анализата на состојбите на нестабилност, чиишто резултати даваат индикација дека овие задачи ќе бидат континуирано застапени во ангажирањето на силите во иднина, со цел спречување на ескалација на една или повеќе од веќе споменатите нестабилни состојби.

Со цел во потполност да се разбере местото и улогата на развивањето на посочените способности, НАТО графички ги прикажува четирите фази на воена интервенција, како и теоретската крива на интензитетот на интервенцијата. Потребата од овие способности е различна во сите четири фази, и токму поради тоа способностите би биле различно комбинирани, но целокупно застапени за да помогнат во извршувањето на мисијата во целост.

Превенцијата, како прва фаза, има цел да се спречат состојбите за нестабилност и да се спречи ескалација со комбинација на дипломатски, информативни, воени, економски, финансиски, разузнавачки активности и активности за спроведување на законот. Веднаш треба да се напомене дека не треба во потполност да се исклучи можноста за ескалација на ситуацијата, па поради тоа силите на НАТО треба да преземат мерки и активности за информирање на засегнатите страни за подигнување на свеста, зголемување на еластичноста и воспоставување и одржување на структури за команда и контрола. Токму поради ова, како клучни способности во првата фаза се ефективна подготовка, заштита, информирање и К3 (консултации, командување и контрола).

Во фазата на интервенција, кривата на интензитетот на активностите го достигнува својот максимум, така што главна нејзина цел е силите да одговорат во соодветно време за да ги постигнат политичките и воени цели, како и посакуваната крајна состојба. За цело време на траењето на оваа фаза ангажираните сили треба да имаат предвид да бидат вклучени во што повеќе домени на општеството и воедно да работат на постигнување целите на мисијата од различни аспекти. Одржливоста е елемент кој е особено застапен во оваа фаза, и тоа од аспект на самоодржување и функционирање на силите, но и во одржување на



иницијативата и предноста, која отвара повеќе можности за остварување на намерата на командантот на силите. Командувањето и контролата, но и консултациите, се интегрален дел од оваа фаза и треба да опфатат и консултации од политички аспект, општествен (цивилен) и воен аспект. Клучни способности во оваа фаза се подготовка, проектирање, ангажирање, одржување, информирање и К3.
Стабилизацијата е третата фаза во која воените сили треба постепено да се враќаат во улогата на превенција, додека основните причини за нестабилноста се решаваат социјално и политички. Карактеристично за оваа фаза е дека таа има елементи и од првата и од втората фаза, со оглед на фактот дека силите повторно се враќаат на активности за превенција, обезбедување и решавање на предизвиците преку политичките и општествени механизми но, во исто време, го поседуваат искуството и научените лекции од втората фаза во која интензитетот на воените дејства е најголем. Одржливоста повторно се појавува како еден од клучните елементи, но во исто време комуникацијата со засегнатите страни и со општествените лидери мора да биде на високо ниво. Поради карактерот на конфликтите во иднина, силите може да се најдат во оваа фаза подолг временски период, а способностите на кои треба посебно да се посвети внимание во оваа фаза се одржувањето, информирањето, К3 и обезбедување.
Последната фаза – транзицијата, опфаќа прераспределба и пренесување на овластувањата на други соодветни локални авторитети. Она што треба да се напомене е дека поради сложената и динамична природа на безбедносното опкружување во иднина, овие фази не мора бидат линеарни и последователни како што се опишани во FFAO 2018 (Foresight of Future Alliance Opperations), нивните граници на почеток и завршување да не бидат потполно јасни, па дури и циклично да се повторуваат одредени елементи во различни аспекти. Поради ова, во текот на сите фази, силите ќе треба да одржуваат стабилна структура на командување и контрола, да се заштитат себеси и цивилното население и да се стремат да ги одржуваат карактеристиките кои ги побарува НАТО од своите декларирани сили. Клучно да се разбере е дека во сите фази, во согласност со начелата на НАТО, фокусот би бил на превенција, заштита и одржување на стабилноста во регионите.
Од ова може да се заклучи дека силите ќе треба да развијат широк опсег на способности и тесно да соработуваат со партнерите, да се посветат на нестабилните состојби со цел да бидат успешни во идните операции. Карактеристично е тоа што иако способностите кои треба да ги развиваат НАТО-силите може, а и не мора да се појавуваат по фази, сепак карактеристиките кои треба да бидат епитет на сите НАТО сили се своевидна константа која се развива уште од процесите на обуката, а практично треба да се применува на теренот. Воените импликации, односно областите за развој на способностите не се конкретни барања, туку се посочени области во кои самата земја членка треба да предвиди и да планира развој на способности, со цел силите да бидат подготвени за исполнување на целите на мисијата на НАТО. Во неколку сегменти НАТО ги посочува промените во трендот на технологијата и сајбер просторот, иновативноста и креативноста во решавањето на проблеми и инвестирањето во лидерскиот кадар, од што се влечат поуки во кои домени земјите членки напоредно треба да инвестираат и да ги одржуваат своите капацитети.

м-р Бојан Миклош






# НАТО процесот на одбранбено планирање

Правниот основ за воспоставувањето и спроведување на одбранбеното планирање на Алијансата лежи во член 3 од Вашингтонскиот договор од 1949 година каде концизно се вели дека ...„страните, одделно и заеднички, со континуирана и ефективна самопомош и заемна помош, ќе ја одржат и развиваат својата индивидуална и колективна способност за да се спротивстават на вооружениот напад“. Целта на НАТО процесот на одбранбено планирање е „да даде рамка со која ќе се хармонизира националниот процес на одбранбено планирање со НАТО процесот на одбранбено планирање и ќе ги испорача бараните сили и способности на најефикасен начин. Интенцијата на НАТО процесот на одбранбено планирање е навремено идентификување, развој и испорака на потребните способности и капацитети кои се интероперативни и соодветно подготвени, опремени, извежбани и поддржани за да се реализираат мисиите и задачите

Целта на НАТО процесот на одбранбено планирање е да даде рамка со која ќе се хармонизира националниот процес на одбранбено планирање со НАТО процесот на одбранбено планирање и ќе ги испорача бараните сили и способности на најефикасен начин



од целиот спектар на операции на Алијансата“ (Cathro, 2012).
Методологијата по која се спроведува НАТО процесот на одбранбено планирање не е статична. Таа е постојано во процес на подобрување во согласност со новите предизвици и потреби.
Па, така, постојниот модел на НАТО процесот на одбранбено планирање во 2016 година беше унапреден како резултат на научените лекции од претходните циклуси и на потребата од промени за да се одговори на новите предизвици (Slyusar, and Hamaliy, 2017). Притоа, четиригодишниот планирачки циклус остана, но беше редефиниран планирачкиот период на краткорочен (0-6 години) среднорочен (7-19 години) и долгорочен (над 20 години) план (NDPP, 2018). Новиот пристап во НАТО процесот на одбранбено планирање овозможи да се промени и пристапапот во прераспределбата на целите на способности (Capability Targets - CTsP) меѓу сојузниците, при што акцент се става кон среднорочното планирање, кое се наметна како поефикасен начин на влијание врз развојот на националните способности на земјите членки на Алијансата (Slyusar, and Hamaliy, 2017).




*(Source: EU Defence: The White Book implementation process, 2018, p.19. Policy Department for International Relations, Directorate General for External Policies of the Union)*

Концептуалниот пристап кон НАТО процесот на одбранбено планирање подразбира процес на одбранбено планирање кој опфаќа период од четири години и се спроведува преку пет чекори. Сите чекори се спроведуваат секвенцијално, освен четвртиот чекор, имплементацијата, кој се спроведува континуирано, и петтиот чекор – преглед на постигнувањата, кој се спроведува двапати во рамките на четиригодишниот циклус (NDPP, 2018).
Првиот чекор подразбира донесување на документот „Политички насоки“, кој се базира на стратегиските определби и претпоставки дадени во Стратегискиот концепт на Алијансата (Cathro, 2012). Стратегиските определби детално се расчленети во цели и насоки од поединечните домеини на планирање кои влијаат директно врз развојот на потребните способности. Дефинирани се вкупно 14 домеини на планирање, и тоа воздухопловство и ракетна одбрана, планирање на авијација, вооружување, планирање на кризни и вонредни состојби, консултации, команда и контрола, сајбер одбрана, планирање на силите, разузнавање, логистика, медицински способности, нуклеарно одвраќање, ресурси, наука и технологија и стандардизација и интероперативност. Политичките насоки се класифициран документ во кој се опфатени политичките и одбранбените цели кои треба да се реализираат во планираниот период, при што се определува бројот, опсегот и природата на операциите (Level of ambition), но се дефинираат и квалитативни потреби за способности и сили за поддршка на амбициите и се дава приоритети и временска рамка до кога ќе се остварат планираните цели (Frédéric, 2018, p.14). Се изработуваат на секои 4 години од страна на Комитетот за одбранбена политика и планирање, кој е задолжен за развој на соодветните политики за планирање и на севкупната координација на планирачките активности од НАТО процесот на одбранбено планирање, а се одобрува од министрите за одбрана во непарна година (Campbell, 2010).
Вториот чекор се однесува на „определување на потребите“ кои НАТО планира да ги развива во планираниот период. Барањата за способности на НАТО се консолидираат во единствен документ насловен како „Минимални потребни способности“ (Minimum Capability Requirements - MCR). Во овој документ е дефиниран базенот на сили според нивото на амбиција. Детализиран е бројот на сили, нивната големина, видот и неопходната опрема и го приоритизира недостатокот на способности на Алијансата. Овие барања се идентификуваат од страна на Сојузничката команда за операции и Сојузничката команда за трансформација, поддржани од соодветните домеини за планирање. Определувањето на минимални потребни способности се прави еднаш на четири години (Fleischer, 2015, p.109).
Во третиот чекор, „прераспределба на барањата и воспоставување на целите“ (Apportion requirements and set targets) се врши распределување на минималните потребни способности на сојузниците (индивидуално, мултинационално или колективно) во форма на цели на способности (NDPP, 2018). Стратешките команди развиваат цели на способности за секој сојузник поединечно со конретни барања, приоритети и временски рокови до кога треба да се реализираат. Распределбата на целите на способности се врши во согласност со принципот на правично споделување на товарот на секој сојузник (Fleischer, 2015, p.109). Откога ќе се утврдат целите на способности за секоја земја членка поединечно, тогаш истите се ставаат на одобрување на Северноатлантскиот совет на ниво на министри за одбрана (Slyusar, and Hamaliy, 2017). Притоа министрите за одбрана можат да ѝ доделат на некоја земја членка да развива друга способност надвор од договорениот пакет на сели на sпособности. Одлучувањето е по моделот „консензус минус еден“, односно, земјата на која се однесува пакетот цели на способности е исклучена од гласањето. Доделените цели на способности стануваат составен дел на националниот процес на планирање во одбраната (Frédéric, 2018, p.15). Исто така, се подготвува и Capability Target Summary Report во кој се вклучени проценките на Воениот комитет за потенцијалниот ризик и

влијание врз нивото на амбиции на Алијансата доколку некои од целите не се реализираат.
Четвртиот чекор се однесува на „Олеснување на имплементацијата“ (Facilitate implementation) ,кој во основа е континуиран процес и подразбира помош и поддршка на националното планирање и олеснување во пристапот на мултинационалните иницијативи и ги синхронизира напорите на НАТО за навремено исполнување на договореното во пакетот цели на способности (Frédéric, 2018, p.16).
Последниот ,петти чекор, се однесува на „преглед на резулатите“ (Review results), каде се оценува степенот на реализација на политичките цели, амбициите поврзани со целите на способности и дава „feedback“ и насоки за следниот циклус од НАТО процесот на одбранбено планирање. Во рамките на овој чекор, од страна на експертите на НАТО од Меѓународниот штаб и командите се изработува и до секој сојузник на почетокот на непарната година се доставува прашалник за изработка на преглед на планирање на одбранбените способности – Defence Planning Capability Review. Ова е единствен документ кој се изработува двапати во рамките на еден циклус на НАТО процесот на одбранбено планирање. Во прашалникот се содржани низа прашања по различни области од интерес на Алијансата. Пополнувањето на овој прашалник е задолжително за секоја земја членка на НАТО. Продукт од пополнетиот прашалник е Преглед на планирање на одбранбените способности во кој е содржана детаљна процена на степенот на развој на способностите и силите на Алијансата и степенот до кој се реализирани политичките насоки и нивото на амбиции се доставува до НАТО најдоцна до крајот на јуни во непарната година. Прегледот на планирање на одбранбените способности се спроведува секоја втора непарна година, при што земјата сојузник ги изнесува детаљно своите национални планови и политики за тоа како ќе ги оствари барањата од пакетот на цели на способности, но и за воените сили и за придружните способности, за невоените способности кои можат да бидат од корист за операциите на Алијансата, како и податоците за трошоците во одбраната и нивната распределба по категории (Schmaglowski, 2018, p.21). Прегледот на планирање на одбранбените способности ги преиспитува и ги оценува одбранбените политики и планови на сојузниците, вклучително и финансиските планови, со посебен акцент на развојот на способноста и спроведувањето на пакетот цели на способности (Fleischer, 2015, p.111).
Врз основа на податоците изнесени во Прегледот на планирање на одбранбените способности и врз основа на пакетот на цели на способности, експертите на НАТО изработуваат детаљна анализа (Staff Analysis) од податоците дадени од сојузниците и краток преглед (Overview) извлечен од Анализата. Таа содржи детални анализи за националните планови и приоритети за развојот на способностите и структурата на силите и нивниот моментален степен на готовност за изведување на НАТО мисиите и операциите.
Констатираните слабости од страна на стратегиските команди и воениот комитет се основа за изработка на процена на ризик и соодветност – Suitability and Risk Assessment (What is Transformation, 2015). Во рамките на процената на ризик и соодветност се дава детаљна процена на ризикот од несоодветност во развојот на планираните сили и способности (any shortfalls) и одложената имплементација на плановите кои можат да го загрозат нивото на амбиции  и се изработува листа на главните недостатоци по области (list of any Main Shortfall Areas).
Поединечните процени на способностите и плановите се основа Комитетот за политика и планирање да изработи извештај за преглед на способности на НАТО - NATO Capability Report каде е потенциран индивидуалниот и колективниот напредок во развојот на способностите во согласност со НАТО нивото на амбиции. Извештајот за преглед на способности се проследува до Северноатлантскиот совет на усогласување и потоа се одобрува од страна на министрите за одбрана во парните години во месец јуни.
Процесот на одбранбено планирање е комплексен процес кој во многу сегменти е специфичен и бара сеопфатност во планирањето. Со членството во Алијансата, Македонија има обврска да го приспособи националниот процес на планирање со НАТО процесот на одбранбено планирање. Тоа е повеќегодишен процес кој има цел постигнување на зголемена интероперативност во развојот на силите и на одбранбените и воените способности за исполнување на трите „core tasks“ на Алијансата. Самиот процес на синхронизирање подразбира и потреба од промена на законската регулатива, подзаконските акти кои го дообјаснуваат одбранбеното планирање, како и на методологиите за планирање во одбраната. Искуството и научените лекции од учеството во PARP процесот на НАТО се драгоцен ресурс кој во значителна мера придонесува кон побрзо синхронизирање на националниот со НАТО процесот на планирање во одбраната. Во секој случај, Македонија во 2019 година се вклучи во НАТО процесот на одбранбено планирање. Таа сѐ уште е во фаза на приспособување и пред неа се бројни планирачки предизвици на кои треба соодветно да се одговори во годините кои доаѓаат. Ако се земе предвид дека станува збор за четиригодишен процес кој се спроведува преку пет фази, тогаш предизвикот е уште посеопфатен.

д-р Игор Ѓорески





# Под знамето на ОН

## Исполнување на мировните мисии во услови на пандемија од COVID-19

Во долгогодишната практика, припадниците на мировните сили на терен се соочуваат со разни предизвици кои негативно влијаат на исполнувањето на определените мандати. Дел од тие предизвици е и дејствување во услови на присуство на вирусот SARS-CoV-2 ширум светот. Со примена на сложени мерки за заштита и ублажување на последиците од ширењето на вирусот, повеќе од 95.000 мировници на ОН продолжуваат со исполнување на нивната основна мисија - заштита на цивилите, поддршка на мирот и политичките процеси, промовирање на човековите права. Нивната реакција на појавата на опасноста од вирусот и дејствувањето на терен во специфичните услови на пандемијата, се окарактеризирани

Современите вооружени конфликти и војни веќе подолго време се истражуваат и обемно се анализираат од секој аспект. Општ заклучок е дека, со текот на времето, вооружените судири, како меѓудржавните така и внатрешнодржавните, го менуваат својот карактер. Но, исто така, и дека на меѓународно ниво, не постои готов модел за спречување и управување со кризи







Меѓународната јавност го прифатила фактот дека мировните операции предводени од Организацијата на ОН (ООН) се најефективен начин за одговор на кризи и најзначаен инструмент преку кој се изразува меѓународната политика на колективна безбедност. Настојувањата за зачувување на мирот и безбедноста во светски рамки, во услови на светската пандемија на вирусот COVID-19, останаа една од најважните теми за дискусии и истражување во денешниот свет

како соодветни. ООН и нејзините земји-членки сè уште се приспособуваат на условите кои ги „диктира“ пандемијата на COVID-19, со цел да продолжат успешно да менаџираат со ризиците по мирот и безбедноста и ефикасно да ги исполнуваат своите мандати. Соодветно на новосоздадената ситуација со енормното ширење на вирусот SARS-CoV-2, ОН веднаш ги одложиле редовните ротации на контингентите од март до крајот на јуни 2020г., со намера да се заштити персоналот на ОН и земјите домаќини на операциите од можно ширење на COVID-19 вирусот. Пред упатување на наредните ротации, во земјите кои го подготвиле персоналот за упатување во мисија, веќе биле воспоставени строги мерки за безбедност, вклучително и тестирање на персоналот со PCR тестови и 14-дневен период на карантин во матичната земја. Предупатната обука била приспособена за распоредување во услови на пандемија на вирусот, а поголемиот дел и на проучување на упатствата пропишани за распоредување на терен, дејствување во време на карантин и за употреба на опрема за лична заштита.
За распоредените мировни контингенти, одлуката за одлагање на смената значела зголемен обем на работа, сè до моментот кога наредниот контингент стане оперативен. Ваквата ситуација предизвикувала негативен ефект врз моралот на припадниците на „Сините шлемови“ и можност значително да ја намали ефикасноста на операциите. Првичните мерки на раководствата на мисиите биле зголемување на капацитетите за електронска комуникација и било посветено особено внимание на приспособување на системот за медицинска евакуација на припадниците на мировните контингенти кон новите услови на живот и работа на терен.
Пандемијата на вирусот COVID-19 ја зголемила важноста на медицинските и технолошките капацитети. По укинувањето на комерцијалните летови и ограничувањата за патувања, биле воспоставени виртуелни линкови и направени „прошетки“ по 20-тина болници на теренските мисии за да се утврди дека ги исполнуваат пропишаните услови за нивна подготвеност за одговор на пандемијата. Исто така, биле извршени сеопфатни виртуелни посети на клиниките во состав на мировните сили и поставувањето кампови, по насоки од експертите за јавно здравје. Таквото искуство и научените лекции на персоналот на ОН биле споделени во сите мисии. Во текот на почетната фаза на ширењето на вирусот, покрај заштитата на сопствениот персонал, приоритет на „сините шлемови“ станала и поддршката на иницијативи во областа на јавното здравство на земјите домаќини, во насока на заштита од ширење на COVID-вирусот и ангажирање на контингентите во активностите за спречување на ширење на вирусот.
Контингентите на ОН, исто така, одиграле клучна улога во поддршката на владите на земјите домаќини со обезбедување информации од јавен карактер во врска со пандемијата. Во соработка со Светската здравствена организација, командите на мисиите започнале со емитување радиопрограми кои содржеле совети од областа на здравјето. Дале и голем придонес кон зајакнување на медицинските капацитети и јавното здравство со обезбедување и донирање медицински ресурси (опрема за лична заштита, респиратори, медицинска опрема и медицински материјали) на локални медицински центри во земјите-домаќини. Биле ставени на располагање и одредени медицински установи и воспоставени зони за карантин.
Следствено на новата ситуација, припадниците на мировните сили морале да ги приспособат и своите секојдневни навики за да го ублажат ширењето на вирусот COVID-19. Командите на мисиите на теренот ја нагласувале потребата од стриктно почитување на хигиенските мерки за спречување на ширење на вирусот, вклучувајќи редовно миење на рацете,

проверки на температурата при влегување во своите бази, физичко и социјално растојание и наложување на персоналот да работи on-line, кога е тоа можно.
Одделот за мировни операции (DPO) при ОН составил и дистрибуирал упатства за постапување во ситуација на делување во присуство на вирусот до командите на мировните сили, со цел персоналот да се осигура дека лицата кои редовно контактираат со локалното население не се заразени и не го шират вирусот. Воедно, интеракциите со локалното население биле минимизирани.
Мировниците на ОН релативно брзо ги прилагодиле своите активности со цел минимизирање на ризикот по животот и здравјето на својот персонал. Полициските контингенти во составите на мисиите на ОН добиле упатства за прекин на обуката на локалните партнери и стриктно почитување на мерката за одржување дистанца од два метри од цивили во тек на патролирањето, како и избегнување физички контакт. Биле минимизирани и воените патроли. Мисијата UNMISS во Јужен Судан го забранила и движењето на персоналот по неколкуте позитивни тестови на COVID-19 на нивните војници во март 2020 година.
Покрај редовните обврски, припадниците на „Сините шлемови“ презеле и дополнителни задачи, вклучително и: поголема одговорност за обезбедување на тековните услуги - доставување залихи на храна и одржување на јавниот ред и мир; заштита и помош при реализација на иницијативите на Светската здравствена организација и невладините организации, кои се однесуваат на проекти од областа на медицината и јавното здравство (слично на реакцијата на мировниците на ОН во Демократска Република Конго како одговор на еболата) и нудење медијациска и политичка поддршка на политичките ривали за одржување на мировните процеси и политичките преговори, и покрај социјалните или политичките турбуленции предизвикани од пандемијата на вирусот.
По преземањето на дополнителните обврски и задачи, се појавила и потреба од поголем обем на ресурси. Растечката нестабилност и насилството во земјите каде што во моментов нема воспоставено мировни мисии на ОН, исто така може да предизвика потреба од распоредување нови мировни операции на ОН. Во моментот се поставува прашањето:



Дали ОН ќе можат да одговорат на ваквите потреби? Иако навидум неподготвени за соодветно реагирање, во почетната фаза на ширењето на COVID-19 вирусот, за мировните контингенти била создадена можност да го искористат своето претходно искуство со низа други неодамнешни здравствени кризи, слични на оваа пандемија. Припадниците на „сините шлемови“ биле вклучени во менаџирањето со епидемијата на ебола во Либерија во 2014г. и во Демократска Република Конго во 2019 година. Покрај ова, мировните сили имаат и непријатно искуство и спомени од непалскиот мировен контингент кој во 2010 г. несакајќи пренел колера во Хаити. Вкупниот број на инфицирани припадници на ОН во мисиите распоредени на терен, во првиот бран на пандемијата на COVID-19 бил многу мал, 137 потврдени случаи до крајот на мај 2020г., иако од вирусот починале двајца припадници на мировните контингенти од Мали. Се раширил страв меѓу месното население од фактот дека и претставниците на меѓународните мировни сили би можеле да бидат и преносители на вирусот SARS-CoV-2. Персоналот од UNMISS се соочил со жестоки напади по социјалните медиуми.
Во Сомалија, терористичката група Al-Shabaab (огранок на Al-Qaeda), ги обвинил мировниците од составот на контингетите од Африканската унија за внесување на вирусот во Јужен Судан. Со преземање навремени мерки за реакција на командата на UNMISS, ООН успеала да избегне сценарио „Хаити“.
Покрај напред наведеното, два сегменти од извршувањето на редовните задачи на „Сините шлемови“, дополнително добиле на значење – почитување на човековите права и учеството на жените мировници во насока на подобрување на пристапот на создавање и одржување контакти со локалните заедници, како и одговор на зголемените ризици од родово насилство.
Со плановите за 2021 г., ОН главно остануваат посветени на одржување на тековните бројки за распоредување мировни сили, без поголеми отстапувања. Во нивните состави потребни се и се бараат повеќе специјалисти за управување со јавното здравство и сродните области во земјите-домаќини, неопходни за подобрување на планирањето во рамките на мисиите и во седиштето на ОН, со што значително би се подобрило справувањето со кризата предизвикана од COVID-вирусот.

М.С.





# Напредни информатички системи и платформи за командување, контрола и координација на артилериските огнови

Во изминатите броеви на магазинот „Штит“ беше третирана една многу актуелна тема за здружените огнови и здружената огнена поддршка. Како вовед кон темата, а воедно и кратко потсетување, меѓу другото, беше изнесено дека еден од поголемите предизвици отсекогаш била координацијата на огновите и огнената поддршка за време на операциите

Во текот на сите досегашни војни и конфликти, како резултат на научените лекции секогаш биле имплементирани и надградувани системите кои биле во употреба во согласност со моменталните барања за учесниците и корисниците на истите. Почетоците на развојот на информатички системи и платформи за командување, контрола и координација на артилериските огнови биле можеби и скромни во разни верзии на средства и системи како: центри за насочување на огнот, средства за пресметување на елементи за гаѓање во облик на најразлични балистички компјутери и сл.  Предизвикот за координацијата на огновите и огнената поддршка денес е многу поголем од причина што во сите земји кои се дел од НАТО капацитетите, и покрај еднобразните документи со кои се дефинирани разни тактики, техники и процедури, во сите земји постојат различни платформи и системи за планирање, координација, огнена поддршка и управување и ракување со здружените огнови и здружената огнена поддршка на заедничките НАТО водени операции. Кога се зборува за огнена поддршка се мисли на поддршка на маневарските единици од копно, воздух и вода и истата не треба да се поистоветува со артилериска огнена поддршка која е само дел од заедничката односно здружената огнена поддршка каде дел земаат и единици од други видови на Армиите како воено воздухопловство и воена морнарица. Здружените огнови (JF-Joint fires) се дефинирани како огнови кои се ефектуираат за време на ангажирањето на силите-единиците од два или повеќе видови на армиите во координирано дејство кон заедничка цел. Тие вклучуваат директни и индиректни огнови и се имплементираат во операции на оперативно рамниште. Планирањето на здружените огнови е базирано на Процесот на оперативно планирање (Operational planning process - OPP). Здружената огнена поддршка (JFS-Joint fire support) е дефинирана како координирана и интегрирана употреба на копнените, воздушните и поморските системи и платформи за огнена поддршка за да се постигне посакуваниот ефект на копнени цели во насока на поддршка на операциите на маневарските единици. Здружената огнена поддршка е практично директна огнена поддршка на операциите на тактичко рамниште. Здружената огнена поддршка на сите нивоа мора да биде синхронизирана со Здружените огнови. Во контекст на артилериската огнена поддршка јасно се дефинирани поимите




**Здружената огнена поддршка (JFS-Joint fire support) е дефинирана како координирана и интегрирана употреба на копнените, воздушните и поморските системи и платформи за огнена поддршка за да се постигне посакуваниот ефект на копнени цели во насока на поддршка на операциите на маневарските единици**

на артилериски оган и управување и ракување со огнот во артилеријата. Артилериски оган е дејство на артилериските проектили или ракети по целта заради постигнување на саканите материјални и (или) морални ефекти. Артилериските огнови се планираат по откриените цели, на посебно важните правци и по позначајните објекти.
Се реализираат според барањето на претпоставениот старешина или по одлука на извршителот на гаѓањето кој е овластен да донесе таква одлука. Артилериските огнови, начелно, се реализираат со оган за ефект на набљудувани и ненабљудувани цели. Управувањето и ракувањето со огнот во артилеријата претставува збир на разновидни активности, мерки и постапки кои се преземаат на сите рамништа, поради најцелисходна подготовка и извршување на огнени задачи. Се постигнува со: примена на најцелисходна организација и подготовки за управување со огнот, единствен начин на покажување на целите, најточно одредување на координати на целите, координирана работа на огнениот и набљудувачкиот дел, добро организирана и непрекината врска, навремено издавање на команди за гаѓање, постојано следење на состојбата на б/г и можностите на артилериските единици, примена на најточниот начин на одредување на елементите за гаѓање, непрекината контрола на работата на потчинетите и резултатите на гаѓањето.
Координацијата и огнената поддршка на сите рамништа се во надлежност на посебна ќелија - елемент за огнена поддршка (JFSE - Joint Fire Support Element). Тој елемент има обврска покрај останатите да прави и деконфликт на сите огнови (од копно, воздух и вода) по време и место за да се искористат најрационално сите огнени можности, а од друга страна во делот на деконфликтот да се избегнат несакани ситуации по сопствените сили. Клучна задача за сите информатички системи и платформи за командување, контрола и координација на артилериските огнови е да обезбедат синхронизација на огнената поддршка по хоризонтала (помеѓу команди и единици на ист ранг - ниво) и по вертикала (помеѓу команди и единици на различен ранг – ниво) и да разменуваат информации за реалното опкружување на теренот каде се водат операциите.
Асиметричните закани денес значително го менуваат концептот на артилериската поддршка. До скоро поимите артилериски оган или артилериска огнена поддршка се поистоветуваа само со артилериска подготовка на бојното поле или артилериска огнена поддршка каде пред или за време на борбените дејства се планираат и ефектуираат масовни огнови по квантитет, времетраење и површина на третирање на одредени цели.
Во современите борбени дејства голем број цели се подвижни или кратко се задржуваат на едно место, што бара артилериските гаѓања да се изведуваат без коректура – приспособување на оган. Тактичкото значење на гаѓањето без коректура – приспособување на оган, се гледа во ненадејното и навремено дејство по целта. Тоа само по себе бара потполна подготовка на елементите за гаѓање, за што се потребни современи и прецизни средства, системи и муниција. Се користат разни информации и сензори од теренот кои ќе дадат прецизна слика за целите за да може да се испорачаат прецизни и ефикасни огнови и да се рационализира употребата на луѓето и употребата на средствата.
Во текот на сите досегашни војни и конфликти, како резултат на научените лекции секогаш биле имплементирани и надградувани системите кои биле во употреба според моменталните барања за учесниците и корисниците на истите. Почетоците на развојот на





AFATDS е корисна алатка во процесот на донесување воени одлуки. Имено, откако ќе се внесат базата на податоци и насоките од командантите на маневарските единици, системот може да асистира во фазата на избор на варијантите за дејство и изнаоѓањето на решенија за алтернативни борбени планови



информатички системи и платформи за командување, контрола и координација на артилериските огнови биле можеби и скромни во разни верзии на средства и системи како: центри за насочување на огнот, средства за пресметување на елементи за гаѓање во облик на најразлични балистички компјутери и сл. Денес еден од најсовремените напредни информатички системи и платформи за командување, контрола и координација на артилериските огнови е американската платформа AFATDS (Advanced Field Artillery Tactical Data System). AFATDS е резултат на повратните информации од сите нивоа на командување за потребата од еден заеднички систем кој ќе ги интегрира: сите расположиви системи за артилериска огнена поддршка за потребите на командантите на поддржуваните маневарски единици кои изведуваат операции, сите потреби за приоритизација на целите во согласност со моменталната слика на теренот и ќе овозможи автоматизирана размена на дигитални информации за цели. AFATDS е и корисна алатка во процесот на донесување воени одлуки. Имено, откако ќе се внесат базата на податоци и насоките од командантите на маневарските единици, системот може да асистира во фазата на избор на варијантите за дејство и изнаоѓањето на решенија за алтернативни борбени планови. Системот може автоматски да генерира и борбени документи како планови на огнови и матрици за синхронизација на огнови. Јасно е дека крајните одлуки се во рацете на факторот човек но како и да е AFATDS е исклучително корисна алатка. AFATDS е интероперабилен со поголем дел од системите за командување и контрола. Системот им овозможува на воените лидери да го визуелизираат подобро бојното поле и да ги планираат идните операции. Системот интегрира и голем дел од информациите од разузнавачката подготовка на бојното поле. Софтверот се состои од огромна база на податоци за артилериските системи, графички прикази, норми за ангажмани на различни единици и капацитети и голем број останати алатки кои се раководени исклучиво од операторите на системот. Секој оператор, во зависност од нивото на ангажирање (тактичко или оперативно), може да селектира и да филтрира кои податоци и графички прикази ќе се праќаат и ќе бидат видливи за останатите оператори, со цел да не се оптеретува системот со работи кои на одредено ниво не се потребни за соодветниот оператор. Управувањето со огнот, системот може да го ефектуира и автоматски, но во тој дел сѐ уште неприкосновени остануваат органите кои управуваат со огнот како што се командантите на маневарските единици и координаторите за огнена поддршка кои одлучуваат кои цели ќе се гаѓаат. Со координирањето како процесна функција на командувањето се хармонизира функционирањето на командите и единиците. Со координацијата се остваруваат поголеми резултати, се зголемува ефикасноста и економијата на работата, се интегрираат учесниците, се избегнуваат и се елиминираат случајни текови, непотребните загуби, ненавременоста и неподготвеноста за извршување на задачите, се обезбедува рамномерно оптоварување на учесниците и правилен и навремен проток на информациите. Основна задача на координирањето е да ги спречи и да избегне несакани жртви и загуби на сопствените сили и да обезбеди остварување на максимално можни резултати и исполнување на роковите во извршувањето на задачите. AFATDS денес се користи во повеќе земји во светот како што се: Австралија, Бахреин, Египет, Јордан, Португалија, Тајван и Турција.



Славчо Кузманоски




# Трансформација на војната

Потребни се големо количество на знаење и искуство за одбранбениот систем на државата да биде подготвен да се справи со неочекувани предизвици. Иднината е секогаш несигурна, без оглед што не сакаме да веруваме дека е така. Безбедноста може да биде загрозена од многу природни и општествени појави. Тие ги обликуваат, а од време на време и целосно ги трансформираат државите и нивните војски. Затоа воената организација не само што се подготвува за денешните закани, туку гради способности кои ќе овозможат побрзо приспособување на идните закани

Обично кога се зборува за способности, тие автоматски се поврзуваат со капацитетите кои ги овозможуваат тие способности или материјалните средства, технологија и инфраструктура. Но способностите кои треба да ја подготват војската за непредвидливите закани во иднина понекогаш е поважно да имаат нематеријална природа како градење на култура на критичко и креативно размислување, визионерство на лидерството и постојано следење и ценење на промените кои се случуваат во светот. Сè што се случува денес ќе има некакво значење и влијание во иднината. Бидејќи се случуваат премногу работи, проблемот е да се издвојат и да се сфатат оние кои во иднина може да направат револуционерна промена во воените работи. Историчарот Мајкл Хауард констатирал дека секоја доктрина која се пишува денес е погрешна, велејќи дека тоа и не е толку важно, колку што е важно колку брзо во иднина ќе може таа да се корегира. Минатото нè учи дека во суштина културата на прифаќање на промени и приспособливост е една од најважните способности кои војската треба да ги гради. Низ историјата има безброј примери каде победата на



Проблемот со кој се соочуваме денес е што за разлика од минатото кога технолошките промени биле побавни, денес тие се брзи и дури на многу војски им е тешко да одат во чекор со нив. Истовремено, модерниот војник станува опседнат со технологијата и го фрустрира доколку го нема средството што е последно излезено на пазарот



една восјка се должела на брзината да ја сфати новата состојба, додека поразот се должел на инертност кон промените. Трансформацијата на една војска во суштина никогаш не престанува. Проблемот со кој се соочуваме денес е што за разлика од минатото кога технолошките промени биле побавни, денес се брзи и дури на многу војски им е тешко да одат во чекор со нив. Истовремено, модерниот војник станува опседнат со технологијата и го фрустрира доколку го нема средството што е последно излезено на пазарот. Ако порано едно оружје било релевантно неколку столетија, денес во неколку децении зборуваме за „генерации" на средства. Кога се набљудува промената на војувањето во одреден временски период, не смее да се заборави дека војната како дејство не е изолирана од политиката, културата и технолошките трендови. Напротив, тие ја обликуваат. Но, секоја новост на боиштето не значи и радикална промена во војувањето, особено не значи дека може да ја промени природата на војната за која од Клаузевиц наваму сите се сложуваат дека е константа. Визионерството на клучното лидерство се гледа во способноста да се препознаат оние новости на боиштето кои имаат потенцијал да го сменат војувањето во иднина. Предизвикот е да се избегне логичната стапица, да се планира за војна која нема да се случи или нема да изгледа онака како што планерите ја замислиле. Затоа има примери на војски кои сеуште не завршиле со една трансформација, веќе планираат следна. Тоа не значи грешка во планирањето туку навремена корекција по пат на повратна спрега. Доколку се чека една трансформација целосно да заврши, војската може да се соочи со предизвици за кои не е спремна, а за кои треба да чека до следната трансформација, или додека го смисли одговорот на вчерашното прашање, денес се соочува со ново. Времето не смее да се губи залудно на работи кои во иднина нема да бидат релевантни. Штом се воочи грешка, веднаш треба да се реагира. Постои изрека дека сите модели се погрешни, само што некои се интересни. Анализите за најновите трендови се подложени на субјективност и имаат премногу недостатоци за апсолутно да им се верува. Дури и најточните анализи на денешните настани, не значи дека ќе бидат веродостоен водич за иднината. Војната е општествена појава и како и за секоја друга општествена појава, потребно е да се анализира од поголема временска дистанца за да биде појасна. Најдобар пример е Втората светка војна. После 75 години континуирано проучување на операциите и битките се доаѓа до нови сознанија кои ги немало во анализите направени во првите



две-три децении по завршување на војната. Од проценката на бројот на жртви, преку исправноста на стратегиите, доктринарните решенија и одлуките кои се носени, има многу нови детали и откритија кои укажуваат на нови заклучоци. На пример, од денешен аспект се чини дека во многу битки и операции на Втората светска војна, факторот „среќа“ играл далеку поголема улога отколку што се сметало непосредно по завршување на војната. Во првичните анализи ниедна страна не се фалела со „среќа“, туку секој успех се препишувал на правилните одлуки на лидерите и храброста на војниците.
Луѓето отсекогаш се обидувале да ја предвидат иднината, но на почетокот на дваесеттиот век, трендовите и настаните не ја најавија Првата светска војна. Трендовите и настаните по неа не ја најавија ниту Втората светска војна. Студената војна заврши со ненајавен распад на СССР. Кога западните држави се инволвираа во Авганистан, не се очекуваше да останат таму дваесет години. Интересно е што историјата е преполна со примери за непредвидливост на иднината, а сепак секоја генерација се однесува како да знае што ќе следува. Постои заблуда дека технолошките алатки придонесуваат за подобро да се види во иднината, но истовремено модерното време стана покомплексно. Напротив, во свет во кој живеат повеќе луѓе, има повеќе актери и држави, системите и потсистемите се меѓусебно толку поврзани да непредвидливоста е всушност поголема отколку во минатото.
Друг пример кој покажува дека одреден тренд во општеството не значи и промена во воените работи е ставот дека употребата на воена сила ќе стане непопуларен метод за решавање на проблемите во светот. Постои перцепција во оние држави кои подолго време немале војна околу наводна промена на културолошкиот контекст на употребата на вооружена сила. Се прават анализи кои укажуваат драстично намален број на жртви во војните денес, во однос на војните во минатото, со заклучок дека војната како феномен полека исчезнува.
Со ова не се сложуваат милиони луѓе кои се затекнати во околу 40 активни конфликти денес. Точно е дека бројот на жртви е намален, но ова се должи на други фактори, меѓу кој најзначаен е што во последните три децении речиси сите војни се внатредржавни. Тоа не значи дека е невозможно сценарио на меѓудржавна и повеќедржавна (коалициска) војна во која би се употребила многу



Анализите за најновите трендови се подложени на субјективност и имаат премногу недостатоци за апсолутно да им се верува. Дури и најточните анализи на денешните настани, не значи дека ќе бидат веродостоен водич за иднината. Војната е општествена појава и како и за секоја друга општествена појава, потребно е да се анализира од поголема временска дистанца за да биде појасна

поголема сила и со тоа многу поголемо разурнување и жртви. Трансформација на војските со премиса дека војната во иднина ќе исчезне врз основа на статистички податоци и дијаграми е атрактивна заблуда. Покрај политичкиот контекст на војната дека е нејзино продолжување со други средства, вистинските мотиви за војна уште долго ќе останат во човековата природа: страв, чест и интерес.
Засега, наместо тотални и ограничени војни помеѓу државите, војните се карактеризираат со слаб интензитет и се водат во држави кои се во развој. Тероризмот покажа дека државите не се единствените што предизвикуваат војна. Терминот „недржавни актери“ е веќе вдомен во меѓународната политика бидејќи тие прераснаа во сериозни конкуренти на државите. Ова е ново во војната. Но дали ја трансформира нејзината природа ако на боиштето се појавува нов актер? Клаузевиц би рекол дека ја менува, со оглед што во негово време државите биле централизирани и единствено



тие го имале монополот на силата. Повеќе теоретичари денес сметаат дека теоријата за војна на Клаузевиц е се помалку релевантна бидејќи е заглавена во Наполеоновите војни во првата половина од 19 век. На пример, за Клаузевиц војната е во спрега единствено со политиката, што не дава објаснување за војните за идентитет кои се во спрега со културата. Оние кои го застапуваат гледиштето за војната на Клузевиц, тргнуваат од неговата претпоставка дека војната ја водат претежно државите, т.е. владите. Ова значи дека онаму каде што нема држава како страна во судир (бунтовништво, тероризам) без оглед на размерот на насилство, не треба да се смета за војна. Ако се прифати ова, тогаш може да се каже дека војната денес добива нова форма, затоа во медиумите се поретко се користи терминот „војна“, а се почесто „конфликт“. Грешката во оваа логика е што од античко време

Засега, наместо тотални и ограничени војни помеѓу државите, војните се карактеризираат со слаб интензитет и се водат во држави кои се во развој. Тероризмот покажа дека државите не се единствените што предизвикуваат војна. Терминот „недржавни актери“ е веќе вдомен во меѓународната политика бидејќи тие прераснаа во сериозни конкуренти на државите

Клаузевиц никогаш немал намера да опише одредена специфична војна, туку нејзината природа, за која вели дека е обликувана од страст, рационалност и непредвидливост. Научно-технолошките изуми и социјално-политичките трансформации во периодот по индустриската револуција направија системска промена во начинот на војување. Затоа постојат многу елементи во денешните војни кои се различни од војните водени во времето на Клаузевиц. На пример, тој во неговата теорија за војната дал посебно значење на „генијот“ за да се победи во војна. Овој концепт во дваесеттиот век исчезна со примената на новите оружја. Операциите за време на Втората светска војна биле комплексни, со многу подготовки и планирање, но никој не вели за Ајзенхауер, Жуков или Ромел дека имале „гениј“ како Наполеон. Нивниот успех на боиштето им се препишува на новите оружја за војување со кои



наваму, отсекогаш имало недржавни актери кои воделе војна меѓусебе или против државите. Обично оние кои се противници на војната воопшто, се противат на теоријата за војна на Клаузевиц како на застарена филозофија. Тие сметаат дека политиката секогаш треба да најде други инструменти за да ги оствари целите, а ако дојде до „конфликт“, тој треба да биде изолиран, ограничен и набрзина решен.

„За војната“ е недовршена книга, изобилува со нецелосни аргументи, противречности и недоследности, и затоа предизвикува повеќе толкувања. Клаузевиц имал намера да развие концептуална рамка што ја доловува суштината на војната, за наредните генерации да ја користат, за да најдат смисла за сопствените конфликти. Дали природата на војната се менува или не, од денешен агол не може и не треба да се анализира. Тоа ќе го кажат идните генерации. Очигледно е дека војната е драстично изменета, но суштински не е променета. Сè уште се води од истите материјални причини, религиозни и етнички идеологии кои се поттикнати од агресија и омраза. Дефиницијата на Клаузевиц за војната му служи на овој човечки факт. За него „Војната не е ништо друго освен дуел од голем размер .... војната е акт на примена на сила за да го принудиме непријателот да се потчини на нашата волја“. Оттука, наметнувањето волја е камен темелник на војната како човечки конфликт. Според Клаузевиц, за да има војна мора да има дефинирана цел. Неговата главна поента е дека политичката основа ја раздвојува војната од бесмисленото насилство, што не значи дека војната е секогаш рационален израз на политиката.

располагале, мобилност по копно и воздух, поседување на огромна огнена моќ и милиони војници под своја команда.  Информатичката технологија во последните неколку децении ја подобрија ефикасноста на војската, но не ја упростија. Војната денес стана крајно хаотична, неизвесна и нелинеарна. Се очекува дека напредок на полето на вештачка интелигенција и нејзина примена во воените работи во иднина уште повеќе ќе ја зголеми нејзината комплексност. Во намерата да се поедностави војната, таа се усложнува до степен што во иднина ќе биде чудно како во Втората светска војна можеле да се планираат, да се координираат и да се изведуваат масовни операции со милиони војници и средства по копно, во воздух и на море, без помош на компјутери.

Ѓорѓи Вељовски




# Исламски тероризам Грешка во наративот

Денес, кога се помислува на тероризмот како закана за глобалната безбедност, без исклучок за виновници се посочуваат „исламските терористи“ предводени од „Ал Каеда“ и Исламската држава. Меѓутоа, дали оваа терминологија е исправна? Секако дека не. Мора да се запре со изедначувањето на тероризмот со исламот. Меѓутоа, за да дојдеме до конкретен одговор на ова „непопуларно“ прашање потребно е дефинирање на поимите коишто ја обработуваат оваа проблематика. Тоа претставува сложен и континуиран процес, условен од низа временски, религиски, етнички, национални и политички фактори

Денес во литературата се среќаваат голем број дефиниции коишто верскиот екстремизам претставен преку делувањето на милитантниот исламизам го разгледуваат како еквивалент на термините „радикален ислам“, „милитантен џихадизам“, „исламофашизам“, „исламски фундаментализам“, „политички ислам“ и слично. Сепак, неговото дефинирање е директно условено од разграничувањето на термините „ислам“, „исламизам“, и „милитантен исламизам“. Анализата на овие термини претставува почетна основа во процесот на идентификување и разбирање на нијансите, неопходни за продолжување на долгорочната кампања чија крајна цел е дефинирање на милитантниот исламизам како реална закана за глобалната безбедност.

Употребата на зборот „фундаментализам“ во контекст на исламот е погрешно во поголемиот број случаи. Прво, потеклото на зборот „фундаментализам“ на почетокот на XX век е од страна на американските протестанти. Поточно, протестантските фундаменталисти веруваат во Библијата како вистински збор на Бога кој треба да се разбере буквално. За муслиманите, литературното значење на Куранот е „непогрешивиот збор од Бога“, и во таа смисла сите муслимани се фундаменталисти. Меѓутоа, поголемиот дел од нив се „едвај“ фундаменталисти, во смисла на нивното верување дека нивното однесување не треба исклучиво да биде водено од религиозните книги или нивното толкување да биде еднострано. Различните толкувања на текстот од Куранот ја покажуваат не само различноста на перспективата за исламот меѓу муслиманите, туку и појдовната точка меѓу таканаречените „фундаменталисти“. Доколку исламските „фундаменталисти“ инсистираат на враќање на основата на верата, тоа е навреда за останатите муслимани, бидејќи произлегува дека тие не постапуваат во согласност со Куранот. Во новонастанатата безбедносна средина по настаните од 11 септември, фундаментализмот редовно се поврзува со исламскиот фундаментализам и со екстремизмот, а особено со тероризмот. Терминот „исламски фундаментализам“ се користи во најразлична конотација. За повеќето луѓе (кои не се муслимани, а и дел од муслиманите), терминот често се употребува за поединци или за групи кои се радикални, милитантни и фанатици, додека муслиманските теоретичари овој термин го користат за лицата коишто сакаат да го „преродат“ исламот. Арапските термини поврзани

со верската преродба прават јасна дистинкција помеѓу различните поборници на исламскиот фундаментализам. Термините како islah – реформи, salafiyyah – враќање кон предците, tajdid – обновување, nahda – преродба, се разликуваат од терминот islamiyyun – исламисти, кои сакаат да го оживеат исламот и кои понекогаш практикуваат насилни средства. Концептите на islah и tajdid се основните компоненти на исламскиот поглед на светот и се вкоренети во Куранот и во Sunna – патот на пророкот Мухамед, пат кој секој муслиман треба да го помине. Ако не можат да најдат одговор на прашањата во Куранот и Сунахот, тие се повикуваат на hadith – раскажувања од Пророкот за теми од метафизика, космологија и теологија. Овие концепти претставуваат враќања кон фундаменталниот ислам. Концептот Tajdid (обновување) е базиран врз основа на традицијата која ја воспоставил Пророкот, а се однесува на mujadid – лидерот на преродбата, за кој постхумно се верува дека е испратен од бога до исламската зедница поради неговите заложби во регенерирање на верата. Според овој концепт, се верува дека на почетокот на секој век се појавува нов mujadid која ќе го одврати расколништвото во верата создадено од модерното време. Меѓу поважните личности во муслиманската историја се вбројуваат Ибн Тамија, Ибн Абд ал Вахаб, Абдух Мухамед и Хасан ал Бана. За овој концепт значајно е обновувањето и верувањето во праведна заедница, водена според принципите на пророкот Мухамед и отстранување на воспоставените институции, елиминирање на странските и неисламски субјекти кои се инфилтрирале и го корумпирале животот во заедницата. Терминот al-Salafiyya, salafism – салафизам, е најблизок до западниот концепт на фундаметализмот. Зборот салафизам доаѓа од изразот al-salaf, а се однесува на следбениците и придружниците на пророкот Мухамед. Салафизмот ги повикува исламските верници да се вратат на првобитната, чиста, неизменета и беспрекорна форма на исламот практикувана од страна на пророкот Мухамед и неговите придружници, а ги отфрла сите практикувања, верувања или однесувања кои не се директно поддржани од страна на Куранот или Сунахот на Пророкот. Следбениците на салафизмот веруваат во правото на секој поединец за себе да ги толкува религиските текстови преку практикувањето на „ijtihad“ – независно расудување. Пуританските движења на Вехабија, Санисија и Махдија во XVIII и XIX век биле гранка на Салафиското движење, а основното практикување на исламот било врз основа на учењето на Рашид Рида и Хасан ал Бана. Вехабизмот своето име го добил од познатиот верски реформатор од XVIII век, Мухамед ибн Абд ал Вахаб (1703-1791),




кој проповедал во централна Арабија. Тој бил бесен на опуштеноста и моралната корупција на општеството во кое живеел. Во неговите очи општеството му го свртило грбот на исламот, ги занемарило основните религиозни обврски, додека биле толерирани навики и верувања за кои тој мислел дека се неприфатливи и отстапуваат од основните начела на верата. Тој се борел да се искорени од исламот сè што не е во согласност со строгата, буквална интерпретација на Куранот и Сунахот. На крајот од сето тоа произлегло исклучиво пуританско, иронично, ултраправославно толкување на исламот, опседнато со идеи за морална корупција и потребата за чистота. Оттогаш вехабизмот станува карактеристичен и препознатлив по својата нетолеранција и нетрпеливост кон било која форма на отстапување од догматското вехабистичко проповедање на исламот. Во 1932 година, Абд ал-Азиз Ибн Сауд, успеал да ги обедини племињата во Арабија кои биле под негова контрола и да го создаде Кралството на Саудиска Арабија, а вехабизмот станал идеологија и код на однесување кој ја управувал државата. Во наредните 40 години вехабизмот главно се практикувал во границите на Саудиска Арабија, но по нафтениот бум во 1973 година и богатството што го стекнува, идеологијата на вехабизмот прави големи напори за масовно ширење на светско ниво. Власта на Саудиска Арабија ова го прави од две причини. Првата е поради убедувањето дека вехабизмот мора да се шири, а втората е да се спротивстави на новосоздадените модерни идолошки движења кои ги сметале како закана за нивната национална безбедност. Парите на Саудиска Арабија биле наменети за изградба на илјадници џамии ширум светот, исламски центри и медреси (верски училишта) од Лахоре до Лондон и од Мароко до Малезија. Проширувањето на вехабистичката исламска идеологија беше забележано во 1979 година со Иранската револуција. Саудиските власти настојувале да се промовира вехабизмот на новиот ирански режим. Во исто време се случила и советската инвазија на Авганистан, која овозможила огромни можности за ширење на вехаби идеологијата помеѓу иладниците авганистански бегалци во Пакистан. Феноменот на Талибанците, кои во огромна мера се создадени со саудиска поддршка, доведоа до неочекувана брза експанзија на еден нов мутирачки вид на исламот. „Несреќното“ откривање на нафтеното богатство, советската инвазија во Авганистан и американскиот безгрижен однос кон промоција на милитантниот вехабизам од страна на саудискиот режим, беа одличен параван за талибанското малцинство да прерасне во квази-секта во рамките на исламот, со влијание од светски размери. Во однос на денешниот исламски фундаментализам, тој потекнува од постојаните циклуси на верското заживување кое е долго присутно во исламот низ историјата. Тој е реакција на „опасното влијание“ од денешната модерна глобализација и на тој начин представува верска реформа, движење и политичка идеологија која го вклучува и социјалниот елемент во потрага по идентитетот.
Исламот е монотеистичка религија прогласена од страна на пророкот Мухамед во VII век од новата ера. Терминот ислам, кој на арапски значи потчинување, предавање или покорување, ја нагласува фундаменталната идеја на исламот дека верникот (наречен муслиман) прифаќа да ѝ се предаде на волјата на Бога (Алах). За припадниците на исламот, Алах претставува единствениот Бог – творец, одржувач и обновувач на светот. За муслиманите, зачувувањето на силното чувство на верата и идентитетот, независноста и дефинирањето на идеологијата, денес, во време на модерната глобализација, и понатаму продолжува да биде голема и трајна обврска. Во стремежот да се зачува чувството на исламскиот идентитет, како идеални вредности кои биле применувани се религиозните свети закони на пророкот

Мухамед. Муслиманите биле поврзани преку Ummah, заедницата на верници, со заложба за создавање на праведно општество преку спроведување на божјата волја. Грижата на Ummah е длабоко врежана во петте столбови на исламот, кои се обврзувачки за сите муслимани:

1. Shahada – афирмација на верата, дека не постои Бог освен Аллах и дека Мухамед е гласник на Бога).
2. Salat – пет пати на ден молитва.
3. Zakat – практика на давање милосрдие од страна на муслиманите според стекнатото богатство и е задолжителна за сите кои се во состојба да го сторат тоа. Тоа се смета за лична одговорност на сите муслимани, со цел да се олеснат економските тешкотии на сиромашните и да се елиминира нееднаквоста.
4. Sawm – Рамазанските пости, кои се признати од страна на Куранот, а се спроведуваат како компензација за покајание за направените гревови.
5. Hajj – извршување на аџилак во Мека ако околностите тоа го дозволуваат.

на обновениот ислам кој опфаќа din (религија), dunya (заедница) и dawla (држава). Ова е центарот на нивната политичка идеологија. Арапскиот збор „dawla“ за прв пат се користи во VIII век од нашата ера за време на владеењето на Abbasid калифатот, за во XX век да се трансформира во Ал-dawla ал-islamiyya (исламска држава). За исламистите во XX век, исламот е интегрирана целина која нуди решение за сите проблеми на животот, а реализацијата на исламското општество е засновано на воспоставување на исламска држава врз основа на Шеријатот. Постојат тврдења дека оваа идеја за исламска држава, предложена од страна на исламистите, е процес на „откривање на традицијата“, во која муслиманските интелектуалци играат главна улога. Според нив во Куранот поексплицитно е дадена важноста на етиката, вредностите и моралот отколку во која било политичка доктрина. Според исламистите, современите муслимански општества се дегенерирани во состојба на jahiliyya,



неверување во Бога и прифаќање на западните концептите на национализмот, секуларизмот, социјализмот, комунизмот, демократијата и капитализам, кои се во директна спротивност на пораката на исламот.  Со цел да се надмине оваа состојба на jahiliyya, според исламистите, тоа што е потребно е декларација за тотален суверенитет и владеење на Бога. Ова би се остварило преку битката на „jihad“. Многу повеќе од било кој друг израз или збор, џихадот има моќно значење и влијание помеѓу муслиманите, особено помеѓу исламистите, за коишто овој збор е изворот на нивната милитантност. Сепак, исламизмот не претставува хомогена и монолитна форма. Напротив, исламизмот се состои од повеќе правци што се разликуваат во однос на целта и средствата за негово остварување. Многу мал број исламисти го поддржуваат насилството како средство за остварување на целта. Најголемиот дел

Сето ова јасно става на знаење дека исламската заедницата има интерес да ги спои верниците со едно заедничко чувство на идентитет и одговорност. За многу муслимани неостварена желба е воспоставување на исламска држава воспоставена според Шеријатскиот закон и кодекс.  Помеѓу нив постои широко распространето верување дека исламот не е само религија, туку запечатен општествен поредок кој ги опфаќа сите области од животот, вклучувајќи ги државата и спроведување на законите. Според нив верувањето во исламот како целосен начин на живот подразбира дека не треба да има поделба меѓу религијата и политиката.
Исламизам е политичка идеологија што се стреми кон создавање држава и општество врз основа на религијата и шеријатскиот закон. Муслиманските политички активисти (исламисти) веруваат во комплетниот и холистички карактер

од нив се фокусирани на промовирање на глобалната „држава“ (dawla), чија цел е заштита на муслиманскиот идентитет и вера од влијанието на неверниците. Третата форма на исламизам се фокусира на остварување на целта преку политички активности во структурата на воспоставениот политички систем на државите во коишто исламистите дејствуваат.
Милитантниот исламизам е термин кој се однесува на група или на поединци што користат насилство во функција на остварување политички цели инспирирани од исламистичката идеологија.  Милитантниот исламизам повикува на најстрого толкување на Куранот, делата и учењето на пророкот Мухамед. Таквото строго толкување на исламот е подеднакво спротивно како на верувањата на муслиманите, така и на немуслиманите. Милитантните исламисти се против западните демократии, блискоисточните влади и институции и исламистичките политички партии кои во изборните процеси во земјите во кои се активни учествуваат без употреба на насилство. Всушност, милитантните исламисти се залагаат за формирање исламска држава како крајна идеолошка цел која се карактеризира со изразен недостаток од социоекономска агенда и нагласена употреба на сила против другите муслимани и немуслимани.
Сепак, милитантниот исламизам и исламизмот, сè уште претставуваат термини чија суштина доволно не се разбира. Врз основа на оваа кратка анализа можеме да констатираме дека прецизното дефинирање на милитантниот исламизам претставува основниот фундамент за негово разгледување како безбедносна закана. Како феномен кој јасно се разликува од исламизмот како идеологија и исламот како религија, идеологијата на милитантниот исламизам има длабоки корени, поседува широка палета на насилни и на ненасилни методи и средства на дејствување, правци и фракции, и глобално влијание кое во втората деценија од XXI век прерасна во сериозен глобален предизвик, но и предизвик за националната безбедност на балканските држави. Употребата на фразата „радикален исламски тероризам“ може да ги оддалечи западните сојузници од муслиманската заедница и да предизвика дополнителни компликации во веќе сложената безбедносна средина.
На крај ќе нагласам дека западните демократии, наместо да ги обвинуваат муслиманите за ширењето на верскиот екстремизам и делувањето на милитантниот исламизам ширум светот, пред сè, треба да извршат процена на своите наративи и постапки во врска со исламот и исламскиот свет.

д-р Ненад Танески





# Вера Циривири-Трена
## Храбра македонска партизанка

Вера била второ од шесте деца на тогашните големи бунтовници и револуционери, Васка и Коста Циривири. Кај неа, како и кај останатите пет деца во семејството патриотизмот бил домашно воспитување. Коста, таткото на Вера, поради тоа што бил во социјалистичкото друштво во Прилеп, во 1920 година бил затворен и осуден на пет години затвор во Пожаравачкиот затвор. Во 1939 година Вера добила стомачно заболување и заедно со нејзината мајка Васка и братот Илија заминале на лекување во Белград каде што татко ѝ Коста работел како кројач. Вера, на 15 години, поради болест оди на лекување во Белград и токму таму започнала со нејзината политичка кариера. Во тоа време шивачкиот дуќан на улица „Босанска“ на нејзиниот татко Коста Циривири во Белград било познато свратилиште на револуционери, уметници, поети и студенти од Македонија, меѓу кои најредовни посетители биле: Мирче Ацев, Страшо Пинџур, Борка Талески, Кузман Јосифоски-Питу, Кочо Рацин и други, кои имале големо влијание во нејзините политички убедувања.
На 27 март 1941 година Вера учествувала и на белградските демонстрации против војниот пуч. Во периодот додека живеела во Белград, Вера со мајка ѝ многу често патувале до Прилеп и назад. На тие патувања, тие од Белград носеле материјали, летоци и сè што било потребно за формирање месни комитети. Во 1940 година станала член на Комунистичката партија на Југославија, а истата година на

> Вера Циривири -Трена е родена во 1920 година во Прилеп, а загинала на 15 јули 1944 година во Штип. За време на окупацијата Вера Циривири била меѓу првите што се приклучиле во НОВ. Таа важела за многу добар инструктор со одлични организаторски способности, па поради тоа партијата постојано ѝ доверувала задачи да отвора месни комитети и да испраќа борци на фронтот

празникот Илинден, таа била еден од организаторите на манифестацијата, која по повод националниот празник ја организирале младите македонски патриоти. За време на окупацијата Вера Циривири била меѓу првите што се приклучиле во НОВ. Таа важела за многу добар инструктор со одлични организаторски способности, па поради тоа партијата постојано ѝ доверувала задачи да отвора месни комитети и да испраќа борци на фронтот. Во повеќе места Вера се претставувала како Трена, некаде како Светлана, а некаде како Ленче. Бугарските окупаторски власти давале 20.000 лева за да ја фатат жива. Во 1942 година полицијата многу се доближила до работата на Вера и на целото нејзино семејство. Таа, заедно со сестра ѝ Нада, избегала од дома за да не бидат фатени во честите рации што ги правела полицијата. Сестра ѝ Нада отишла во партизани и загинала уште во првата битка на нејзиниот одред, а Вера под друго име прво заминала за Битола, па од таму со Вера Ацева за Велес, а потоа во Кавадарци. Со себе носеле празни документи и во зависност од моменталното име со кое се претставувала така и ги пополнувала. Со помош на тие документи успевала да ги мине и најтесните полициски обрачи и да премине од еден во друг град за да извршува партиски задачи. По партиска задача заминала за Штип, каде што ноќта на 15 јули 1944 година, од бугарската полиција била блокирана куќата во која се наоѓала. Вера боса почнала да бега кон соседните куќи, но никој не ѝ одговорил на молбите да се сокрие. Во моментот кога го прескокнувала ѕидот на оградата од некоја куќа, паднала погодена од полициските агенти, кои ја гонеле. Во тој момент, пред да ги затвори очите, со силен глас двапати извикала: „Ние ќе победиме!“ После тоа, за да не се предаде жива во рацете на непријателот, Вера се самоубила. Мртвото тело на Вера Циривири -Трена бугарските полицајци го избоделе со бајонети и го фрлиле во Брегалница, надевајќи се дека од неа нема да остане ни трага. Но, некој овчар го забележал трупот и го погребал покрај брегот. Откако завршила војната, овчарот кажал каде лежи телото на Вера Циривири. Властите го откопале нејзиното тело и го погребале со високи државни почести. Иако многу направила за Македонија, Вера Циривири-Трена до ден денес не е прогласена за народен херој.

Антоанела Димитриевска



# Хероите од Баталјонот за медицинска поддршка во борбата со КОВИД-19

Во овој број на „Штит“ ви го пренесуваме разговорот со наредник Соња Ѓорѓиевска, медицинска сестра вработена во Баталјонот за медицинска поддршка, која беше дел од воеломедицинските тимови на Баталјонот за медицинска поддршка на Армијата, ангажирани во КОВИД центрите: во ГОБ „8 Септември – Скопје, Институтот за јавно здравје – Скопје и Клиничкиот центар „Мајка Тереза – Скопје

Од март минатата година нашата држава се справува со пандемијата од КОВИД-19. Армијата на Република Северна Македонија од почетокот на кризата беше на терен во поддршка на полицијата, а во изминатиот период евидентен беше придонесот и поддршката за јавното здравство со воеломедицински персонал од Баталјонот за медицинска поддршка, кои активно се вклучија во интерните клиники во повеќе КОВИД-центри: ГОБ „8 Септември – Скопје, Институт за јавно здравје и Клинички центар „Мајка Тереза – Скопје. Медицинските тимови беа најпрво распоредени во тријажните центри во интерните одделенија на јавните здравствени институции кои дадоа несебична поддршка и помош во справувањето со пандемијата од КОВИД-19.
Наредник Соња Ѓорѓиевска од Баталјонот за медицинска поддршка беше дел од медицинските тимови кои беа ангажирани во јавните здравствени институции при справување со пандемијата од КОВИД-19. Соња во Армијата е вработена од 1993 година, а од формирањето на Военомедицинскиот центар работи



како главен медицински техничар во Одделението за специјалистичко-консултативна дејност. Во својата досегашна работна кариера зела учество на повеќе работилници, семинари и конгреси од областа на медицината и на неколку меѓународни проекти.

## Што за Вас претставува професијата медицинска сестра?

– Позивот медицинска сестра претставува хумана, благородна професија, а во исто време тоа е одговорна, напорна и во дадени моменти многу тешка професија која бара професионалност и посветеност во секој миг. За да се одговори во вистинска смисла на зборот на оваа професија, пред сѐ, потребно е да ја сакате и да имате човечност во

вас. Тоа не се учи, не се стекнува, едноставно тоа е дел од вас.

**Како се соочувате со предизвикот и справувањето со светската пандемија на КОВИД-19 на Вашето работно место?**

– КОВИД-19 пандемијата е зло кое го зафати и дефинитивно го измени животот на планетата. Предизвикот да се справиме со неа не е лесен, ниту едноставен. Како дел од медицинскиот персонал уште на почетокот од првиот бран на пандемијата бевме ангажирани во КОВИД центрите во ГОБ „8 Септември – Скопје, како и во Институтот за јавно здравје – Скопје, а со појавувањето на вториот бран се вклучивме и во КОВИД центрите во Клиничкиот центар „Мајка Тереза“ – Скопје. Се соочивме со нов начин на живот кој дефинитивно го измени нашето секојдневие и требаше веднаш да се прифатат одредени мерки и протоколи  кои ги налагаа условите од актуелната  состојба со пандемијата. На почетокот се соочивме со нешто што не беше познато за нас, нешто ново, што го измени нашето работно секојдневие кое беше под строги правила и протоколи. Покрај предизвикот да се работи и да им се помогне на пациентите кои во вас гледаат спас, потребно е да се внимава и на своето лично здравје, како и на здравјето на своите семејства. Тоа подразбира работа во посебна заштитна опрема по посебни здравствени протоколи со две или три заштитни маски, по неколку пара ракавици, скафандери, капи, визири, калјачи. Исто така, и самото движење се одвиваше по посебен режим, почнувајќи од зелена, жолта и завршувајќи во црвена зона. Навистина претставува предизвик целата таа заштитна опрема со часови да ја носите на вас и притоа да останете смирени, присебни, професионални и, пред сѐ, човечни. Да кажете некој убав збор во знак на охрабрување и поддршка на пациентите кои со денови се борат за кислород.

**Која е мисијата и должноста на медицинската сестра при справување со заболените од КОВИД-19?**

– Мисијата и должноста на медицинската сестра при справување со заболените од КОВИД-19 е стручно, несебично, брзо и ефикасно извршување на работните задачи, а воедно и разбирање на стравот и неизвесноста со кои се соочуваат пациентите. Бев дел од тимот на медицински сестри и







техничари од Армијата кој директно се вклучи во тимовите на КОВИД центрите (интензивна нега) каде беа хоспитализирани болни со најтешка клиничка слика. Редот и дисциплината произлегуваат од војничкиот позив, од одговорноста кон војничката униформа, а стручноста и искуството налагаат несебично да им помагаме на пациентите и на колегите да се изборат со злото наречено КОВИД-19.

**Пренесете ни некои лични искуства во справувањето со пандемијата од вирусот КОВИД-19?**

– Работејќи со нашите колеги во КОВИД центрите се соочивме со различни искуства – од пациенти кои со денови беа на СИПАП маски и само со поглед се разбиравме, кои постојано примаа терапија, секојдневно правеа лабораториски и дијагностички анализи за да се изборат со вирусот и после многу денови во болнички амбиент исполнети со страв, болка, исчекување, наеднаш да си заминат дома. Тоа претставува радост за сите и тогаш се заборава на целиот труд и мака. Прекрасно е чувството да се види излекуван пациент, посебно во ова време на пандемија кога секој може да биде пациент, бидејќи вирусот не познава граници. Но, за жал, имаше и пациенти кои беа примени и во не толку лоша состојба, за потоа нагло и прогресивно да им се влоши состојбата, а по преземање на сите реанимациони мерки, исходот да не е посакуван. Во тие моменти сликата е тажна, тежи уморот и работата е многу понапорна.

**Кои се предизвиците на професијата медицинска сестра во услови на светска пандемија?**

– Да се биде медицинска сестра значи, пред сѐ, да се сакаат луѓето, својата работа, директно да се учествува во спасување на животи, а понекогаш и со навидум мали нешта да помогнете и да им го олесните и да им го разубавите денот на болните. Позивот медицинска сестра значи да си позитивна, ведра личност која, без разлика на своите обврски, е подготвена да им пренесе позитивна енергија на пациентите, особено денес во ова време на пандемија кога насекаде слушаме секакви информации. Навистина, покрај стручна помош и лекови, потребно е да се покаже и емпатија и да се каже убав збор, кој дава надеж и утеха кога тоа е најмногу потребно.

З.В.



# Секогаш тука за нашите граѓа

**Уште една успешна асистенција на припадниците на Арм во борбата на јавното здравство со пандемијата. Продол дистрибуцијата на КОВИД тестови складирани во касарн „Илинден“ до КОВИД центрите низ државата.**








Штип



Тетово

# ни!

мијата
жува
ната




Битола



Касарна „Илинден“

# „ЈАК-38“ – советски авион со вертикално полетување/ слетување

Благодарени на сознанијата добиени од експерименталниот авион со вертикално полетување/ слетување „ЈАК-36“, стекнати се доволно искуства конструкциското биро „Јаковлев“ да започне со развој на потполно нов борбен авион, со намена морнарички палубен ловец-бомбардер. Во прво време новиот авион бил означен како „ЈАК-36М“, а подоцна е преименуван во „ЈАК-38“. Првиот прототип својот прв конвенционален лет го извел на 26.09.1972 година, додека првиот транзиционен лет го направил на 20.03.1972 година. Првото негово појавување на запад е во месец јули 1976 година, кога носачот на летала од класата „Киев“ впловува во Медитеранот. Инаку, Западот авионот не го сметал за голем успех и за соодветен пандан на британскиот авион со вертикално полетување/ слетување „Хариер“, ниту на борбените палубни авиони на САД. Од „ЈАК-38“ се произведени 231 парче. Основни верзии на леталото се: прототипот „ЈАК-36М“, „ЈАК-38“, „ЈАК-38М“ и школската двоседна верзија „ЈАК-38У“. Авионот повеќе не е во употреба. „ЈАК-38“ припаѓа во групата на средно крилни летала, со класична аеродинамичка конфигурација на трупот во кој е вграден комбиниран погон. Конструкцијата е изработена од метални легури, од кои најзастепен е алуминиум-литиум 01420, додека на критични позиции се вградува кален челик и титан.

Во леталото се вградени 3 погони, од кои главен погон е млазниот мотор Р-27В-300, со потисок од 6.100 kg, а помошните два млазни мотори за вертикално полетување/ слетување се РД-36-35 ФВР, секој со потисок од 3.050 kg. Главниот погон поседува 2 векторирани млазници поставени од бочните страни на трупот, кои пилотот може да ги насочува надоле или хоризонтално според потреба на летот (вертикално полетување/ слетување или хоризонтален лета), плус од него се насочуваат 4 цевоводи-воздушни млазници за стабилизација на летот при вертикално полетување/ слетување, од кои по една кон краевите на крилата и по една напред кон долниот дел (под кокпитот) и една кон долниот дел од опашката. Позади кокпитот во тандем конфигурација под агол од 10º се вградени двата млазни мотори за вертикално полетување/ слетување РД-36-35 ФВР. За потребите на главниот мотор се вградени 2 вшмукувачи за воздух кои од бочните страни поседуваат дополнителни помошни отвори, додека за двата помошни мотори на горниот дел од трупот е вграден отвор со поклопец (кој има улога и на воздушна кочница), а на долниот дела од трупот се вградени вратички кои се отвараат бочно. Поради комплексоноста на погоните и летачките комади, во леталото бил вградуван автоматскиот систем за управување и контрола на лет САУ-36, автоматскиот контролен систем САУ-4 со вклучен автопилот, радиотехничкиот систем за навигација и слетување РСБН-4 Квадрат (некои верзии биле опремени со РСБН-36), автоматскиот радио компас АРК-15 и друго.

Во леталото се вградени 2 резервоари за гориво со максимален капацитет од 2.900 kg, од кои резервоарот бр.1 бил со капацитет од 2.260 kg, додека резервоарот со бр.2 бил со капацитет од 640 kg. Инаку, стандардно, резервоарите се полнеле со максимум 2.750 kg гориво. Со цел правилна распредлба на горивото се вградувал системот за контрола на горивото ТПР1-9.

За потребите на пилотот во кокпитот било вградувано катапулт седиштето К-36ВМ 0-0. Покрај аналогните инструменти, за нишанење бил вградуван оптичкиот нишан АСП-ПДФ-21, кој требало да биде заменет со компјутерскиот нишан АСП-17БМЦ. За комуникација се вградувани радијата Р-860-1 модел Г, Р-863 и авионскиот интерфон СПУ-9. Исто така, на авионот се вградувале и системот за идентификација „свој-туѓ СРО-2М Хром“, системот за детекција од радарска озраченост „СПО-2 Сирена-3М“, системите за електронски против мерки „Гвоздика“ и „Сирена-И“. На крајот од леталото е куќиштето на кочниот падобран „ПТК-36М“.

На четирите носачи за оружје поставени под крилата, леталото може да понесе максимум 2.000 kg корисен товар (верзијата ЈАК-38М). За борба со летала ги користел противавионските ракети „Р-60М“, за борба со пловила и цели на копно ги користел наведуваните ракети „Х-23М“ и „Х-25“, во комбинација со подвесниот радиокоманден контејнер „Делта-НГ2“. Од ненаведувани ракети ги користел „С-24Б“, ракетата „С-8“, поставена на повеќецевниот лансер „Б8М-1“, ракетата „С-5“ поставена на повеќецевните лансери УБ-16-57УМП, УБ-32А и УБ-32М. Додека од ненаведувани бомби можел да ги користи касетните бомби РБК-500 ЗАБ-2.5СМ, РБК-500 СХОАБ-0.5М и РБК-250 ГПАБ-2.5М, напалм бомбите ЗБ-500, различни класични бомби од 100 kg, 250 kg и 500 kg, но и вежбовни бомби и друго. Од нуклеарно тактичко оружје можел да ги користи бомбите РН-28, РН-40 и РН-41. На крилата можеле да се поставт и подвесните контејнери ВЦПУ-36 или УПК-23-250, опремени со двоцевниот автоматски топ ГШ-23 со калибар од 23 mm. По потреба можело да се поставт и подвесни резервари за гориво.

Ивица Дамески




1. Главна питот цевка ПВД-18Г
2. Помошна питот цевка ПВД-7
3. Активна емитер антена за електронски контрамерки
4. Оптичкиот нишан за пилотот АСП-ПДФ-21
5. Катапулт седиштето К-36ВМ 0-0
6. Погони за вертикално полетување/ слетување РД-36-35 ФВР
7. Поклопец со помошни отвори за вшмукување на воздух од куќиштето на моторите РД-36-35 ФВР
8. Резервоар за гориво бр.1
9. Механизам за ,,прекршување” на крилото, кој овозможува полесен превоз со лифт и полесно складирање во бродот носач на авиони
10. Резервоар за гориво бр.2
11. Антена на VHF радиото Р-860-1
12. Снимач на податоците од летот „Опушка-ВМ“







**13.** Векторирачки млазник на главниот погон Р-27В-300
**14.** Цевовод од воздушната млазница за стабилизација на летот при вертикално полетување/слетување
**15.** Заден стоен трап
**16.** Носач на оружје
**17.** Главниот погон Р-27В-300
**18.** Долна вратичка од куќиштето на моторите РД-36-35 ФВР
**19.** Вшмукувач за воздух кој од бочните страни поседува дополнителни помошни отвори
**20.** Преден стоен трап
**21.** Куќишта на авиониката за комуникација, навигација и борбени системи
**22.** Куќиште на модулите од активниот попречувач и радиотехничкиот систем со краток дострел за навигација и слетување РСБН-36
**23.** Воздушна антена приемник на РСБН-36

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „ЈАК-38“ | |
|---|---|
| ДОЛЖИНА | 15.25 m (16.37 m со питот цевка) |
| ОПСЕГ НА КРИЛАТА | 7.02 m (4.45 m склопени) |
| ВИСОЧИНА | 4.25 m |
| ПОВРШИНА НА КРИЛАТА | 18.41 m² |
| ТЕЖИНА ПРАЗЕН | 7.020 kg |
| МАКСИМАЛНА ПОЛЕТНА ТЕЖИНА | 11.300 kg (10.300 kg при вертикално плетување) |
| НОСИВОСТ | 1.500 kg (1.000 kg при вертикално полетување), а 2.000 kg верзијата ЈАК-38М |
| ГЛАВЕН ПОГОН | еден Р-27В-300, со потиснување 6.100 kg |
| ПОГОНИ ЗА ВЕРТИКАЛНО ПОЛЕТУВАЊЕ⁄СЛЕТУВАЊЕ | два РД-36-35 ФВР, секој со потисок од 3.050 kg |
| МАКСИМАЛНА ХОРИЗОНТАЛНА БРЗИНА | 1.050 km/h |
| БРЗИНА НА ИСКАЧУВАЊЕ | 4.500 m/s |
| ПЛАФОН | 11.300 m |
| МАКСИМАЛЕН ДОЛЕТ | 1.000 km |
| БОРБЕН РАДИУС | 370 km |
| ОПТОВАРУВАЊЕ НА КОНСТРУКЦИЈАТА | 6 ,,Г” |




# Хеликоптер „Bell 525 Relentless“

Еден од поновите воздухоплови од средна класа е хеликоптерот „Bell 525 Relentlesse“. Тој е производ на компанијата „Bell Textron“, истовремено дизајниран да превезува до 19 патници, повеќе од кој било постоечки супер среден хеликоптер. Патничката кабина е мошне пространа, овозможува удобно седење, а лизгачките врати овозможуваат лесен влез и излез. Просторот за багаж исто така е простран и ќе биде во согласност со побарувањата на операторите.
Двата мотори на General Electric му даваат доволна сила за потребите за кои е наменет. Овој хеликоптер со сигурност можеме да го ставиме во класа со познатите хеликоптери „Airbus Helicopters H175“ и „AgustaWestland AW189“.
Примарна улога на хеликоптерот е да биде повеќенаменски воздухоплов, пред сè за: транспорт, ВИП превоз, пребарување и спасување, за реализација на итни медицински прелети, а воедно идеално погоден за поддршка на операции при релаизација на мисии за потребите на компаниите за нафта и гас. Поседува нов композитен систем со пет лопатки на главниот ротор и четири лопатки на

| ГЕНЕРАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ | |
|---|---|
| ПОСАДА | 1 до 2 пилоти |
| КАПАЦИТЕТ ЗА ТРАНСПОРТ | 16 до 20 патници |
| КОРИСЕН ТОВАР | 3.700 килограми |
| МАКСИМАЛНА ТЕЖИНА НА ПОЛЕТУВАЊЕ | 9.300 килограми |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 306 км/час |
| МАКСИМАЛЕН ДОЛЕТ | 1.037 километри |
| ПЛАФОН НА ЛЕТ | 6.100 метри |



опашниот ротор. Иако цената сè уште не е утврдена, истата се очекува да биде конкурентна во споредба со хеликоптерите од својата класа. Хеликоптерот „Bell 525 Relentlesse" за прв пат е претставен на „Heli-Expo 2012" во Тексас, а станал оперативен од 2015 година. Сертификацијата од страна на Федералната управа за воздухопловство на САД продолжила и понатаму и било предвидено да заврши до крајот на 2018 година или до почетокот на 2019 година.
Во текот на 2018 година биле акумулирани 1.300 часови на летање со испитувања. Наредната година два пробни хеликоптери се тестирани во екстремно студени услови во Канада и во други краеви во светот, а биле реализирани тестови во екстремно топли услови и голема надморска височина. Станува збор за хеликоптер кој поседува „all weather capability" во услови за летање од -40 до +52 степени. За употреба во операции со услови на водено опкружување, обезбеден е со заштита од солена вода дури и во најсуровите услови на експлоатација.
Помеѓу другите параметри кои се завршени и се потврдени од Федералната управа за воздухопловство на САД и од Европската агенција за безбедност во воздухопловството се: проверки на полетување и слетување, товар во хеликоптерот со странични слетувања, сертификација на бучава, калибрации на системот за гориво и излези во случај на незгоди.
Хеликоптерот „Bell 525 Relentlesse" дозволува експлоатација по час на летање со едни од најниските трошоци во неговата класа. Со модерен кокпит и поставени 4 мултифункционални дисплеи, како и со употреба на системот Garmin G5000, поставува нов стандард за прецизна контрола на летањето. Кабината за патниците е удобна во однос на бројот на патниците кои може да ги превезе. Другата конфигурација, за превоз на товар е лесно приспособлива со мобилни места за седење и адаптација на просторот, во зависност од побарувањата на операторите.
Посебна компанија ќе развие резервоари за гориво, специјално наменети за хеликоптерот „Bell 525 Relentless Super Medium", со употреба на новоразвиен, лесен материјал за изградба на горивните ќелии. Овој материјал ќе овозможи да се произведат резервоари за гориво кои тежат помалку од постоечките споредливи резервоари, кои во исто време ги исполнуваат строгите барања за изведба според технички стандарди и во согласност со федералните регулативи за авијација. Не случајно се верува



Хеликоптерот „Bell 525 Relentlesse" за прв пат е претставен на „Heli-Expo" 2012 г. во Тексас, а станал оперативен од 2015 година. Сертификацијата од страна на Федералната управа за воздухопловство на САД продолжила и понатаму и било предвидено да заврши до крајот на 2018 година или до почетокот на 2019 година

дека овој материјал воспоставува техничка предност во технологијата на системите за гориво, што ќе стане репер за индустријата. Сето ова е од исклучително значење за намалување на тежината, зголемување на капацитетот и, пред сè, задоволување на безбедносните стандарди.
Овој воздухоплов ќе биде првиот комерцијален хеликоптер во светот кој ќе го употребува системот Fly-by-Wire. Тоа е систем што ги заменува конвенционалните рачни контроли на летот на авионот со електронски интерфејс. Движењата на контролите на летот се претвораат во електронски сигнали пренесени со жици (оттука и терминот летај-по-жица) и компјутерите за контрола на летот одредуваат како да се движат погоните на секоја контролна површина за да се обезбеди очекуваната реакција во вид на соодветно движење. Може да користи системи за механичка контрола на летање како резервна опција или да користи целосно електронски контроли на летање.
Пилотот можеби не е целосно свесен за сите контролни излези кои дејствуваат, но хеликоптерот ќе одреагира согласно наметнатата ситуација. Компјутерите дејствуваат на стабилизирање на хеликоптерот и прилагодување на летачките карактеристики без вклучување на пилотот со цел одржување на безбедносните перформанси, стабилноста и способноста за маневрирање. Системот делува првенствено како начин за да се зголеми сигурноста, но исто така и да се намали обемот на работа на пилотот. Централната контрола за управување (циклик) се наоѓа странично од пилотското седење, а не во средина како досегашните случаи. Во случај нешто непредвидено да се случи во текот на летовите, постојат доволно резервни системи што може да влијаат во насока на безбедноста на летањето.
Тимот работел напорно на потврдување на карактеристиките во текот на летот, тестирање за авиониката, автопилотот, работа на моторите, надворешниот извор за напојување, електричниот систем, системот за осветлување и тестирање сигурноста, како и усогласеноста на ентериерот според конфигурацијата која е потребна во зависност од типот на мисијата која се реализира. Во овие случаи Федералната управа за воздухопловство на САД и Европската агенција за безбедност во воздухопловството реално присуствуваат во пилотската кабина со цел да утврдат како точно работи и функционира хеликоптерот и неговите системи, за да бидат сигурни во управувањето со воздухопловот, во безбедноста, моќните перформанси, како и одличната видливост утврдена во текот на летовите. Од друга страна, операторите се тие што се занимаваат со сигурноста, перформансите, удобноста и оперативните трошоци.

Драган Павловски



# „ARMA“ 6x6

## Повеќенаменско оклопно возило на тркала

Оклопното возило на тркала „ARMA“ е производ од следната генерација на компанијата „Отокар“, а е развиено земајќи ги предвид идните побарувања на мисијата засновани на повеќенаменска платформа на возила на тркала

Програмата за развој на возилата „ARMA“ беше започната и датира уште од 2007 година. Дизајнот на концепт, деталниот дизајн и инженерските студии беа завршени во 2008 година. Ефектите на експлозијата на мини, перформансите на подвижноста, хидростатичката стабилност, удобноста при возењето и другите карактеристики беа анализирани со употреба на специјални инженерски алатки и симулации. Првите прототипови беа произведени на почетокот на 2009 година и тестовите за валидација во врска со испитувањата, надежноста, издржливоста на погонската линија, сигурноста, тестовите за топло/ладни климатски услови беа успешно извршени. Понатаму, истовремено беше произведен и модел за експериментални цели и испитување при експлозија на мина, а тестовите за експлозија беа извршени успешно во текот на 2010 година.
Оклопното возило „ARMA 6X6“ за прв пат беше прикажано на саемот за воена технологија „EUROSATORY“ што се одржа во Париз во јуни 2010

година, кога беа завршени развојот и испитувањата и компанијата „Отокар“ беше наградена со два договори во следната година. „ARMA“ ги докажа своите перформанси и мобилност под неповолни услови во испитувањата и демонстрација на способности реализирани во различни земји од Персисикиот Залив од унијата „GCC-Gulf Cooperation Council“. Возилото „ARMA“ има приспособлива платформа за развој во согласност со потребите за мисијата во современото бојно поле. Возилото може да се понуди со интеграција на различна опрема и додатоци на основната платформа. Флексибилниот дизајн овозможува лесна адаптација за широк спектар на улоги и мисии како што се: оклопни транспортери; командни возила; извидувачки/возила за надзор; борбени возила на пешадијата; мобилен носач на топови/оружје; CBRN извидувачки возила; возила за одржување и извлекување; амбулантни возила; возила со противтенковски водени ракети - ATGM.

Возилата „ARMA“ 6x6 се развиени за Програмата за специјални намени за тактички оклопни возила на тркала (OMTTZA) за турските копнени сили. Развојот на тактичкото возило започна во 2007 година. Проектот беше целосно финансиран од „Отокар“







## Вооружување

Семејството на возила „ARMA“ поради својата голема носивост овозможува интеграција со опрема и вооружени системи за различни видови мисии. „ARMA“ поддржува вооружени станици како отворена купола, вооружена станица, затворена купола, далечински управувана вооружена станица, вооружени системи со среден и голем калибар. Некои од системите за вооружување што можат да бидат интегрирани во „ARMA“ се: отворена купола со 5,56 мм, 7,62 мм, 12,7 мм, 14,5 мм и 20 мм митралез или автоматски фрлач на гранати; затворена купола со 7,62 мм или 12,7 мм; далечински управувана вооружена станица со 7.62 мм, 12.7 мм и 14.5 мм; вооружени системи со среден калибар како 25 мм и 30 мм; вооружени системи со голем калибар како 90 мм, 105 мм и 120 мм; системи за лансирање на противтенковски ракети.
Различни вооружени станици кои нудат само одбрана и способности за оган за директна поддршка може да се конфигурираат според побарувањата на потрошувачите.

## Дизајн и заштита

„ARMA“ возилата се дизајнирани земајќи ги предвид идните и сегашните побарувања на мисијата. Архитектурата на возилото овозможува интеграција на широк спектар на опрема за мисија и специфични системи за куполи. Основното тело со монококен оклоп на трупот и подот со двојна V-форма обезбедуваат исклучителна заштита на екипажот од балистички и закани од мини. Модуларните оклопни комплети кои обезбедуваат различна балистичка заштита можат брзо да се монтираат со прицврстување на оклопот, а опционално може да се обезбеди и дополнителна заштита од поголеми закани. „ARMA 6X6“ има бруто тежина од 18.500 кг и во својот целосно заштитен труп може да смести возач, командир и осум војници. Возилата „ARMA 6x6“ може да се транспортираат со железница, прелу море и воздух (со C-130 и поголеми авиони). „ARMA 6x6“ може да обезбеди високо ниво на заштита од балистички напади и закани од мини со монококниот челичен труп со висока цврстина и индивидуални заштитени седишта од мина на кои седи целиот персонал. Во одделот за екипажот има отвори за пукање со лично вооружување и прозорци за набљудување отпорни на куршуми, заедно со два отвори на покривот, а членовите на екипажот можат брзо да влезат и да го напуштат возилото преку една врата во задниот дел. Моторот се наоѓа на десниот преден дел на возилото, овозможувајќи ефикасна и ергономска употреба во согласност со високиот внатрешен волумен. Со овој внатрешен распоред, целиот персонал, особено командирот, можат да одржуваат контакт со очите едни



| СПЕЦИФИКАЦИИ НА ВОЗИЛОТО „ARMA“ 6X6: | |
|---|---|
| ПРОИЗВОДИТЕЛ | Otokar Automotive and Defense Co. Ltd. |
| ДОЛЖИНА | 6,5 м |
| ШИРОЧИНА | 2,7 м |
| ВИСИНА | 2,22 м |
| ТЕЖИНА | 18,5 т |
| ПОСАДА | 10 (вклучувајќи возач и командир) |
| ВООРУЖУВАЊЕ | 12,7 мм или 7, 62 мм митралез, 40 мм GL или ATGM вооружен систем 20/30 мм или 90/105/120 мм |
| ОКЛОП | модуларна балистички заштита, заштита од мини, RPGs, Efps, IEDs, опционално NBC заштита |
| МОТОР | 450 hp water-cooled turbo diesel |
| СУСПЕНЗИЈА | Independent suspension |
| ОПЕРАТИВЕН ДОСТРЕЛ | 700 км |
| | 105 км/ч |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА НАКЛОН | 60% |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА СТРАНИЧЕН НАКЛОН | 30% |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА ВЕРТИКАЛНА ПРЕПРЕКА | 0,6 м |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА ВОДЕНА ПРЕПРЕКА | 1,2 м |
| РАДИУС НА ВРТЕЊЕ | 7,85 м |
| МЕНУВАЧ | Mechanical synchronized (optional automatic) |

со други. „ARMA 6x6“ е опремен со моќен мотор од 450 КС и докажани компоненти на погонската линија кои овозможуваат врвна подвижност во сите теренски услови. Турбо-дизел мотор со водено ладење, способен да работи со гориво F-34 или F-54, ги придвижува тркалата преку автоматски менувач и разводна кутија со една брзина. Независниот систем на суспензија, подобрен со Run Flat гуми, вграден систем за централна автоматска регулација на притисокот во гумите (CTIS) и антиблок системот за кочење (ABS) ја подобруваат подвижноста на земјата и удобноста при возење, дури и преку најгрубиот терен. Подвижноста на возилото е дополнително зајакната со надолжни и попречни диференцијални брави и високиот однос на моќта и тежината, заедно со високото растојание од земјата и аглите на пристапот/поаѓањето. Управувачките предни оски на „ARMA“ 6x6 му даваат радиус на вртење од 7.85м. Аголот на пристап и поаѓање е 45°. Возилото има градиент од 60% и страничен наклон од 30%. Исто така, може да совлада вертикални препреки над 60 сантиметри и да премине ров широк 1,2 метри.

## Додатоци

ARMA 6x6 е амфибиско возило, управувано од два хидраулични пропелери во водата, овозможувајќи големи морски перформанси со моќности за свртување. Исто така, опционално може да биде опремен со винч за самоизвлекување, систем за сузбивање на пожар, амфибиски комплет, лансери на гранати, хидраулично управувана врата-рампа, интерком систем, систем за навигација GPS/INS, помошна енергетска единица, отстранувач на барикади и слично.
Возилото ARMA 6x6 е потврдено од страна на „R&D Otokar“ и во моментов е подготвено за масовно производство. „Отокар“ ги задржува интелектуалните права за набавка и извоз на „ARMA“ на домашните и меѓународните пазари. Моментални оператори на „ARMA“ 6x6 возилата се Турција и Бахреин. Одличните перформанси на статусот на развојот на „ARMA“ 6x6 возилото ќе овозможат развој на подоцнежната помоќна и посовремена верзија на возилото „ARMA“ 8x8 со супериорни тактички и технички карактеристики, за кое интерес покажуваат поголем број земји од Европа и од Азија, посебно од Персискиот Залив.

> Возилата „ARMA 6x6“ може да се транспортираат со железница, преку море и воздух (со C-130 и поголеми авиони). „ARMA 6x6“ може да обезбеди високо ниво на заштита од балистички напади и закани од мини со монококниот челичен труп со висока цврстина и индивидуални заштитени седишта од мина на кои седи целиот персонал. Во одделот за екипажот има отвори за пукање со лично вооружување и прозорци за набљудување отпорни на куршуми, заедно со два отвори на покривот, а членовите на екипажот можат брзо да влезат и да го напуштат возилото преку една врата во задниот дел

Идриз Идризоски

# „Сокол-300“ – украинско борбено беспилотно летало

Во месец ноември 2020 година во фабриката ,,Визар” наменета за производство на ракети, за првпат е претставено беспилотното летало „Сокіл-300“ (Сокол-300), кое е дизајнирано и произведено од украинското конструкционо биро ,,Луч”. Успех е и самото дизајнирање кое е направено за само година и половина.
Од опрема леталото ќе биде опремено со радар со синтетизирана решетка Falcon 300, мал радар, нишанска оптичкоелектронска топка опремена и со ласер, за навигација ќе се користи инерцијален навигациски систем, сателитска навигација и навигација од мапиран терен, радиостаница и друго.
Леталото поседува должина од 8.57 m, распонот на крилата му изнесува 14 m, а практичната носивост му изнесува 300 kg. Од оружје ќе биде опремено со наведувани ракети РК-2П, но може да ги користи и противтенковските ракети „Barrier“ или „Луч РК-10“. Во зависност од вградениот погон се нудат 3 верзии на леталото, и тоа:
1. Верзија опремена со елисниот мотор MC-500B-05C/CE, кој овозможува максимална брзина од 580 km/h и крстосувачка брзина од 335 km/h, со долет од 1.000 km и времетраење на летот од 3 часа. Оваа верзија, празна, тежи 535 kg, а максималната тежина ѝ изнесува 1.225 kg.
2. Верзија опремена со елисниот мотор АИ-450Т2, кој овозможува максимална брзина од 466 km/h и крстосувачка брзина од 275 km/h, со долет од 1.300 km и времетраење на летот од 5 часа. Оваа верзија, празна, тежи 530 kg, а максималната тежина ѝ изнесува 1.220 kg.
3. Верзија опремена со елисниот мотор Rotax 914, кој овозможува максимална брзина од 210 km/h и крстосувачка брзина од 150 km/h, со долет од 3.300 km и времетраење на летот од 26 часа. Оваа верзија, празна, тежи 420 kg, а максималната тежина ѝ изнесува 1.130 kg.
Системот е контролиран од мобилна станица поставена на камионска шасија која е унифицирана за управување со ракетниот комплекс „РК-360 МЦ Нептун“. Леталото е управувано од двајца оператори. Радиусот на дејство на леталото стандардно изнесува 150 km, а со дополнителна наведувачка станица до 300 km, додека максималниот плафон на летање ќе изнесува 9.1 km.



# „Ravn X“ – беспилотно автономно лансирно летало

На 3.12.2020 година компанијата „Aevum“ на аеродромот „Cecil“ во Jacksonville (Флорида, САД), на јавноста ѝ го претстави беспилотното автономно лансирно летало „Ravn X“. Намената на леталото е да биде носач/ лансер на ракета со која ќе се носат мали сателити во ниската орбита на земјата. Леталото е создадено со цел да добие евтин и брз начин на лансирање сателити, со минимален персонал од само 6 лица.
Практично, леталото е системски составено од 3 главни целини, од кои како основна прва целина е беспилотното летало „Ravn X“ (кое повторно може да се користи), додека ракетата-носач на сателити (поставена центално под трупот на „Ravn X“) е поделена на втора и трета целина, каде што втората целина е телото на ракетата каде се сместени резервоарите за гориво со стартните ракетни мотори, додека во третата целина е сместен товарниот оддел со носивост од 500 кг и помал резервоар за гориво и ракетен мотор. Втората и третата целина се за една употреба. Леталото е проектирано самостојно да ја изведува целата мисија, од полетување, летање, лансирање на ракетата носач на сателити, слетување и паркирање во хангарот. За леталото да изведе нова мисија подготовките траат само 3 часа. Должината на леталото изнесува 24 m, распонот на крилата му изнесува 18,3 m, а височината 5,5 m, додека тежината му изнесува 24,95 тони. Како погон се вградени 2 мотори (не е прецизиран моделот), кои на леталото му овозможуваат постигнување на брзина од 925 km/h. Леталот поседува плафон на летање од 18.288 m, а за полетување му е потребна писта со должина од 1 милја. Првиот лет со „Ravn X“ би требало да биде изведен во 2021 година, а оперативен статус да се постигне за 18 месеци. Верба во проектот даде и владата на САД, која со компанијата „Aevum“ потпиша договор од 1 милијарда долари, со цел лансирање на сателити за потребите на U.S. Space Force.



Ивица Дамески



# Историја на конфликтите во Египет

Египет е една од ретките држави во светот која претставува лулка на светската цивилизација. Во овој регион за првпат човечката цивилизација започнува околу 5000 години пр.н.е. во североисточниот дел на Африка и долж реката Нил. Во 3150 година пр.н.е. египетскиот владетел Нармер бил првиот владетел кој успева да ги обедини горен и долен Египет и со тоа ја формира првата египетска династија

Египетското општество било организациски структуирано како пирамида. На врвот на пирамидата бил египетскиот фараон како неприкосновен владетел. За фараоните се верувало дека се луѓе предодредени и дадени од бога да владеат со Египет и дека владеењето на законот е во нивните зборови и преданија. Понатаму во организациски структуираната пирамида се наоѓале повеќе нивоа на социјално-општествени класи на луѓе. Луѓето кои биле најблиску до врвот на пирамидата имале највисок статус и обратно, луѓето кои биле на дното на пирамидата имале најнизок општествен статус. Под фараонот биле службениците и свештениците. Тие ги преставувале најмоќни луѓе помеѓу населението. Свештениците биле задолжени да водат верски обреди и ритуали во храмовите. Веднаш под нив биле писарите и други мудри луѓе. Тие биле моше почитувани во општеството и нивното школување траело долго додека станат угледни писари. Писарите ги запишувале сите важни историски збиднувања во Египет. После писарите, следниот слој на социјалната пирамида го сочинувале најразлични занаетчии. На дното на социјалната пирамида биле робовите и селаните.

Денес Египет е во поголемиот дел урбан. Главниот град Каиро преставува една од светски најголемите производствени и трговски конгломерати. Египет во суштина е држава која се наоѓа на североисточниот дел од африканскиот континент. Реката Нил е срцето на Египет, заедно со долините и делтите претставува една од постарите светски антички цивилизации. Античкиот Египет или поточно фараонскиот Египет е

создаден пред повеќе од 3000 години пр.н.е. период во кој опстанале преку 30 египетски фараонски династии. Александар III Македонски ( во светската историографија попознат како Alexander the Great from Macedonia) во текот на 323 година пр.н.е. го освоил Египет. Во времето на династијата на Птоломеите бил урбанизиран градот Александрија во Египет, добиен по името на неговиот освојувач. Во текот на 30-тите години пр.н.е. Египет бил освоен од страна на Римјаните. Под римска, односно византиска власт, бил сè до 639 година од новата ера, кога бил освоен од страна на арапските муслимани.
Со освојувањето од страна на арапските муслимани започнува да се менува културата, традицијата и јазикот во Египет. Египетската историја во овој период станува дел од пошироката исламска светска историографија.
Во овој период со Египет владееле: Арапи, Курди, Черкези и Турци. Египет израснува во еден од најголемите културни центри на исламскиот свет, статус кој беше зацврстен во средината на XIII век. Мамулук владетели („Mamluk", владетели на робови), кои од робови создавале силна војска, владееле со Египет од почетокот на XIII до XV век. Овие владетели создале исламски калифат кој имал сомнителен легимитет. Во текот на 1517 година Османлиската Империја ги победува овие владетели и воспоставува османлиска власт во Египет сè до 1798 година, кога Наполеон Бонапарта со француската армија го окупира Египет. Со француската окупација која завршува во 1801 година, после подолг временски период европска сила го освојува Египет. Египет преставува стратешка точка на трговските патишта помеѓу Азија, Европа и Африка.
Во текот на 1952 година револуционерниот воен режим во Египет повторно ја промовира идејата на пан-арапски национализам. Овој воен режим во Египет ја предизвикува Суецката криза од 1956 година која успева да се надмине со интервенција на САД и Советскиот Сојуз. Всушност, присуството на двете суперсили за време на Студената војна во Медитеранскиот регион успева да го задржи кревкиот мир во Египет на меѓународната сцена. За време на Студената војна (1945-90 година), Египет зазема централно место во арапските земји преку поврзување на арапскиот свет и промовирање на арапскиот национализам. Голем дел од овие земји кои до крајот на Втората светска војна и потоа беа под колонијално владеење на големите европски сили стануваат независни држави.
Во текот на 1969-70 година се






случува војната помеѓу Египет и Израел. Египет ја објавува војната поради континуиранто присуство на израелските воени сили на Синајскиот Полуостров. Всушност, Израел го зголемува военото присуство овде од времето на таканаречената „Шестдневна војна" од јуни 1967 година со Египет. Кон крајот на 1967 година, египетскиот претседател Гамал Абдел Насер имал намера да ја поврати со воена интервеција територијата од Израел која ја изгубил со овој конфликт. Египетските загуби за време на војната биле големи, но со материјална поддршка од Советскиот Сојуз, Египет се опоравува и наредните две години има прекин на огнот помеѓу двете држави. Во текот на март 1969 година Египет става крај на прекин на огнот и ги обновува нападите кон Израел. Египетско-израелскиот воен фрнот наликува на оперативен театар со голем фронт. Продолжениот источен фронт вклучувал територии од: Јордан, Сирија, Ирак и Палестина. Египет, употребувајќи тешка артилерија, борбени авиони „МиГ", руски воени советници и напредни копно-воздух ракетни системи, имплицира тешки воени загуби на Израел. Во текот на декември 1969 година и почетокот на 1970 година, израелските воени сили успеваат да ги уништат поголемиот дел од ракетните системи на Египет. Веднаш после ова, египетскиот претседател Насер бара поддршка од Советскиот Сојуз. Израелските напади биле прекинати откако советските пилоти почнале да летаат со борбени патроли над делови на Египет, а битката се префрли во зоната на Суецкиот Канал. Стравувајќи од евентуална израелска конфронтација со Советскиот Сојуз, американскиот претседател Ричард Никсон го испратил државниот секретар Вилијам Роџерс да интервенира со комплексен предлог за прекин на огнот, кој беше прифатен од



Египет и Израел во август 1970 година. Овој план предвидувал ограничувањата за распоредување на ракетни системи и ја оствари дипломатска иницијатива (планот Роџерс) која инсистираше на размена на територија за мир на сите фронтови. Преговорите требало да бидат иницирани по стапувањето во сила на прекинот на огнот. Египет и Советскиот Сојуз го прекршиле договорот веднаш, приближувајќи ги своите ракетни системи блиску до Суецкиот Канал. Покрај кршењето на прекинот на огнот, Израел одлучил да не го продолжи конфликтот, а кога Насер починал кон крајот на 1970 година, неговиот наследник Анвар Садат не ги продолжил воените дејствија. Египетско-израелската војна ги остави нерешени обостраните несогласувања. Ниту една територија не беше разменета и немаше победник. Недостаток на резолуција од страна на ООН доведе до обновување на непријателствата само неколку години подоцна во Арапско-израелската војна од октомври 1973 година. Статусот на Синајскиот Полуостров и прашањето за постојан мир меѓу Египет и Израел на крајот беа решени со мировниот договор „Camp David Accords“ од 1979 година. Во текот на 1991 година Египет станува дел од меѓународната коалиција за поддршка на Кувајт во војната со Ирак. Во периодот од 1993 до 1998 година, владата на Египет ја следат серија на внатрешни конфликти со парамилитантната група Ал Гама ал-Исламија (Al Gamaa al-Islamiya), која се заканувала со преземање на политичката власт во Египет.

Со помош на противбунтовнички операции и сложена тактика на урбано војување оваа парамилитантна група е победена во текот на 1998 година. После ова следи декада на помирен живот во Египет. Египетскиот авторитарен политички систем бил подолг период управуван од претседателот, владејачките партии и безбедносните служби, така што сето ова резултирало со фрустрации и демонстрации кај народот во текот на 2011 година, а претставуваат и таканаречен „домино ефект“ на социо-економските немири, таканаречена „Арапска пролет„ која изби во Тунисија, а покрај неа зафати повеќе земји од арапскиот свет меѓу кои и Египет. Со Арапската пролет во Египет дојде по присилна смена на претседателот Хосни Мубарак. Во текот на 2012 година се избира нова влада и новоизбран претседател, Мухамед Морси, кој бил член на Муслиманското братство. Претседелот Морси за кратко време е сменет поради притисокот на серија масовни граѓански демонстрации против него и неговата администрација. „Вилајат Синаи“ (Wilayat Sinai) во минатото позната како „Ансар Беит ал Макдис“ (Ansar Beit al-Maqdis) претставува терористичка организација во Синаискиот Полуостров која станува популарна во Египет за време на Арапската пролет од 2011 година, кога од власт беше насилно симнат претседателот Хусни Мубарак. Наследникот на Мубарак демократски избраниот претседател Мухамед Морси во текот на јули 2013 година беше исто така симнат од власт со воена интервенција и преку распространетите протести против Муслиманското братство. После речиси цела година на влада на широка коалиција, поранешниот министер за одбрана Абдел Фатах ал-Сиси (Abdel Fatah al-Sisi) беше избран за претседател во текот на 2014 година, кој продолжи со своите активности против Муслиманското братство и неговите поддржувачи.

Од стапувањето на должноста во 2014 година, претседателот Сиси ги забрза економските реформи со цел да ја подобри економијата и законите за борба против тероризам со цел да може воено да се справи со бунтовништвото. Од друга страна, критиките кон Сиси и неговата влада беа поради маргинализирање на сиромашните заедници, репресија на слободата на говор и загрозување на човековите права. Во текот на ноември 2014 година, Вилајат Синаи јавно го објавува своето сојузништво со ИСИС. Вилајат Синаи има извршено повеќе напади на



египетската војска и влада во околината на Египет, потоа покрај границата со Газа и Израел, со што ја нарушува безбедносната соработка помеѓу Египет и Израел. Бројни терористички напади кои се случуваат во регионот на Египет, „Вилајат Синаи“ ги препишува како нејзини дела. Во текот на 2017 година при напад на џамија биле убиени

Египет граничи со Либија на запад, со Судан на југ и североисточно граничи со Израел. Границата на Египет со Судан е забележителна по две стратешки области: Триаголникот Халаиб (Halā'ib Triangle), област која се протега долж Црвеното Море и областа Бир Тавил (Bi'r Tawīl), област која се протега во внатрешноста на копното помеѓу овие земји. Античкиот грчки историчар Херодот, Египет го нарекувал „Дарот на Нил“



околу 300 лица. Истата година при напад на коптичките цркви во Танта и Александрија се убиени близу 50 лица. Во текот на декември 2016 година при напад на светилиште во Каиро се убиени околу 30 лица, додека пак во октомври 2015 година при напад на руски авион убиени биле околу 224 лица.

Египет се соочува со терористички закани и во Западниот регион каде се наоѓаат афилијалите, односно терористичките мрежи на поранешната „Ал Каеда“. Во изминативе години овде дејствува „Ансар ал Ислам“ (Ansar al-Islam), која во текот на 2017 година изврши напад на египетските безбедносни сили и од тогаш делува на регионот на границата на Египет со Либија. Во почетокот на 2018 година, египетскиот претседател Абдел Фатах ал Сиси издава наредба египетските воени сили да дејствуваат против милитантната група „Вилајат Синаи“, која претставува локална милитантна група и една од многуте терористички афилијали, односно мрежи на самопрокламираната Исламска држава. Воените операции на египетсите воени сили против милитантната група „Вилајат Синаи“ се состоеше од сеопфатни противтерористички активности во Синаискиот Полуостров и повеќе делови долж течението на реката Нил и пустинскиот предел на запад од Египет. При изведувањена оперативните фази од воените операции на египетските воени сили против милитантната група „Вилајат Синаи“ беа разрушени неколку десетици куќи, станбени згради и други објекти кои придонесоа до раселување на илјадници жители од горенаведениот регион. Воените операции стивнаа после една година во текот на февруари 2019 година и последиците од истите резултираа со убиство на повеќе од 550 членови на милитантната група. Со завршувањето на воената операција на египетските воени сили, поголем дел од клучните лидери на милитантната група Вилајат Синаи биле уапсени. Сето ова оди во прилог на египетскиот претседател Абдел Фатах ал Сиси, повторно во текот 2018 година да биде реизбран за египетски претседател. Во текот на август 2018 година реизбраниот египетски претедател Абдел Фатах ал-Сиси воведува нови рестриктивни закони за борба против насилниот екстремизам и тероризам. Во исто време се донесуваат подзаконски акти и правилници кои ја зголемуваат контролата на владата во борбата против појавата на агитација, регрутација и мобилизација на милитантните групи преку интернет или поточно преку социјалните мрежи. Како неопходност на египетската влада да ги преземе горенаведените мерки ги наведе серијата на терористички напади врз црквите од Коптската област во текот на 2017 година. Во текот на 2019 година по предлог на египетскиот парламент неколку месеци подоцна се одржува јавен референдум кој е позитивен, во насока на: зголемување на ингеренциите и моќта на египетскиот претседател во делот на борба против: разбојништвото, организиран криминал, терористички активности и други активности со кои значително се нарушува безбедноста на граѓаните на Египет.

Предлогот на египетскиот парламент и позитивниот исход од јавниот референдум кој резултираше со зголемување на ингеренциите на египетскиот претседател за горенаведените активности ќе бидат преиспитани за нивната ефикасност во текот на 2024 година. Имајќи го предвид добивањето на првиот мандат на египетскиот претедател Абдел Фатах ал Сиси,тој се насочи кон економски реформи за подобрување на кревката египетска економија, како и кон предлагање на ефикасни и ефективни закони и мерки во борба против тероризмот и противбунтовничките операции. При завршувањето на првиот претседателски мандат, критиките на овој египетски претседател, пред сѐ на египетската влада, беа во насока дека ги занемариле маргинилизираните и сиромашни заедници и дека во одредени сегменти од општественото живеење ги ограничиле слободата на гово, со што значително биле нарушени човековите права на египетскиот народ. НАТО и САД се сериозно загрижени околу безбедноста на египетскиот Синајски Полуостров и западната пустина дека, доколку НАТО не преземе порешителни и посеопфатни ефективни мерки во борба против тероризмот, може во блиска иднина да стане едно од поглавните упоришта на терористичките мрежи на Исламската држава. Терористичките актвиности може многу лесно да претставуваат солидна база за политичка нестабилност и безбедност на Египет, што би довело и до нарушување на регионалната безбедност, особено во Либија и во Израел.

д-р Андреј Илиев




# „ГЛОБСЕК 2020“:
## Да го лекуваме светот заедно

Форумот ГЛОБСЕК и во време на една глобална пандемија собра десетици експерти од различни области кои го поставија најсуштинското прашање во нашево време: Како треба заедно да го лекуваме нашот свет? Нивниот одговор, систематски структуриран и организиран, е дел од текстот што следи

Додека земјите се борат против пандемијата COVID-19, станува сè појасно дека после COVID-19 светот ќе биде многу поразличен, и тоа во однос на економскиот, социјалниот и здравствениот аспект. Никој нема да биде ист после оваа криза , а скоро секој ќе изгуби нешто. Имено, по COVID-19, светот ќе исцрта еден нов меѓународен поредок кој ќе ги земе предвид лекциите научени за време на пандемијата. Слично на тоа, и улогата на меѓународните институции ќе биде критички разгледана. Светот што излегува од кризата ќе има итна потреба за валутирање на нови функционални модели за општеството, економијата и политиката.

### Глобална пандемија: Научени лекции и поглед кон иднината

Се соочуваме со невидени времиња полни со неизвесност. Сепак, клучно е да создадеме свет во кој сакаме да живееме. Нема земја што не била погодена од пандемијата, а многу од погодените земји се соочуваат со кризи како што немало порано. Државите мора да дејствуваат заедно, а клучниот лек за борба против пандемијата е и ќе биде глобалната солидарност и лојалност. Пандемијата ни одржа лекција, па затоа треба да дејствуваме брзо за да спречиме слични сценарија во иднина. Основаната научена лекција е дека земјите треба да ги зајакнат своите политички и финансиски обврски кон јавноста. Пред сите нас постои долг пат кој треба да се изоди, но треба да останеме скромни и да им веруваме на научниците и експертите за успшно да се справиме со оваа криза. Опасноста лежи и во дезинформациите и измамите, кои станаа еден од најголемите предизвици за пандемијата. Затоа од големо значење е да се обезбедат транспарентни и искрени информации кои ќе ѝ се пласираат на јавноста, но засновани на научни податоци и факти. Пандемијата донесе бројни предизвици, не само за внатрешните политики на земјите-членки на ЕУ, туку и за самата ЕУ. Поради пандемијата се донесоа вонредни мерки и вирусот предизвика промена на расположението кај пошироката јавност. Притоа, во некои земји членки на ЕУ повеќе отколку во други. Токму затоа, населението, како и политичката елита, сметаат дека ова е егзистенцијална криза што не влијаеше само на здравството и на економијата, туку и на ЕУ како политички проект. Имено, пандемијата ја врати на прв план дебатата за иднината на Европа и улогата што таа сака да ја игра на глобалната сцена. Сето ова е тесно поврзано со идната визија за повеќебрзинската Европа со поделба на земјите од центарот и периферијата, што може да значи дека некои земји (ќе)имаат потесна соработка, а некои дури може и да бидат исклучени од дебата или од процесот на донесување одлуки во ЕУ. Другата дебата која се појави на јавната сцена е дебатата за ревизија на надворешната политика на ЕУ, не

само во однос на нејзината содржина, туку во однос на институционалното поставување и на процесите на донесување одлуки. Промената на едногласноста на гласањето за квалификувано мнозинство во надворешнополитичките прашања е во центарот на оваа дебата. Како и да е, сè уште постои значителен судир помеѓу политиките на ЕУ и начинот на кој размислуваат луѓето. Затоа ЕУ би требало да ја тргне политиката од бирократските процеси и да им ја врати на луѓето. Да се задржи фокусот на климатските прашања во изминатиов период кога глобалната пандемија доминира во здравствените, политичките, економските и социјалните аспекти ширум светот, не е лесна задача. Климатските промени повеќе не се во првите редови на јавната дебата, но климатската криза продолжува да напредува и секое одложување во делувањето може да има штетни ефекти за најранливите заедници ширум светот. Затоа, фокусот треба да биде насочен кон вклучување; патот до декарбонизација мора да биде инклузивен и да нè направи поотпорни, не само на економски туку и на социјален план. Тоа влева надеж дека политичкиот капитал за климатски промени и поттикот за постигнување на целите утврдени во Парискиот договор ќе привлечат доволно внимание и ќе бидат дел од плановите за закрепнување.
Во тој контекст, посветеноста на ЕУ за зелено закрепнување е преточено во барање една третина од инвестициите да се насочат кон проекти или инвестиции приспособени на климата. Како и да е, треба да се работи повеќе за да се охрабри финансискиот сектор да користи зелени инвестиции, не само за ублажување на климатските промени, туку и за приспособубање. Токму затоа, кога станува збор за „зелените финансии", и ако сакаме да ги исполниме целите а воедно и да ги преполовиме штетните емисии во оваа деценија, треба да се даде предност на инвестиции во зелени обврзници.

## Да се најде лек за нашата болна глобална економија

Се справуваме со најлошиот економски и здравствен проблем од Втората светска војна. Глобалната рецесија COVID-19 ќе биде најдлабока од 1945-46 година и повеќе дури и двојно поголема од рецесијата поврзана со глобалната финансиска криза во 2008 година. Според ОЕЦД, постои сериозен ризик од пад на БДП за 2-3% во







следната година. Вредноста на ланецот на пазарот значително се намали а  има итна потреба за соработка и испорака на ефективни решенија кои се добро координирани и комуницирани. Но, кризата ги зближи лидерите и експертите, па затоа од големо значење е да има транспарентна информативна инфраструктура која е претставена пред јавноста. Потребно е да има доверба, меѓународните пазари да останат отворени и да се подобри системот. Лекцијата научена од оваа пандемија, од перспектива на глобалната економија, е дека соработката е навистина важна.

## Постпандемичен глабелен (не) ред – улоги и одговорности на моќните играчи

Постпандемискиот меѓународен поредок ќе биде различен. Една од најголемите промени што се случија е поврзана со САД и нивната позиција на глобалната сцена. САД повеќе не се актери кои поставуваат меѓународни правила, бидејќи нивниот фокус мораше да се насочи кон надминување на тешкотиите дома. Слично на тоа, европската перспектива прво се фокусираше на решавање на внатрешни проблеми, а потоа кон надворешниот свет. Пандемијата драматично го промени светот. Нема интерес за голема конкуренција на моќ, туку за вложување на поголем напор кон мултилатерализам.
Пандемијата ја истакна моќта на единството и неопходноста за колективно дејствување, при што САД и ЕУ треба да работат со своите сојузници за надминување на тешкотиите во геополитичката сфера, како што е подемот на Кина. Кина има територијален апетит што треба да ги загрижува сите, а кинеските активности и тенденции треба да бидат препознаени од глобалните играчи.

м-р Билјана Поповска
*(повеќе на веб-страницата на форумот „ГЛОБСЕК")*



# Артилерискиот воен музеј во Санкт

Уште од 1703 година, кога се почетоците на овој музеј, во овие простории се складираат вредни експонати со цел да не се заборави историјата т.е. „за сеќавање и вечна слава“. Почетоците на музејот се посветени на артилериски вооружувања и опреми, но во 1963 година во овој музеј е влкопена и поставка, дел за инженеријата, а во 1965 година е додаден и делот за системите за врски. Со музејот раководи руското Министерство за одбрана. Покрај орудијата и оружјата во својата колекција, музејот брои и голем број на документи, ретки фотографии, униформи од различни периоди, како и медали и ордени добиени од заслужни воени лица. Денес музејот зазема 13 простории или околу 17 000м2 површина и 850 000 експонати. Особено интересна за посетителите е надворешната (отворена) поставка, отворена за јавноста од 2002 година, каде се изложени преку 250 парчиња на артилериски орудија, ракетни лансери, инженериска и врскарска опрема. Со својата 300-годишна историја претставува еден од најзначајните воени музеи во светот.

Во предворјето на музејот, поточно пред самиот вле,з ве пречекуваат десетина парчиња на артилерсики орудија од различен период. После влезот низ капијата на објектот се наидува на дворот од музејот кој воедно е и отворена т.е надворешна поставка. Дворот е поделен во четири триаголни делови во кој се распоредени орудијата. Во првиот сегмент т.е. од западната страна на надворешната поставка се поставени артилериски орудија од периодот од 1930 година, влечна и самоодна атрилерија од 1941 до 1945 година, како и после 1945 година. Во овој сегмент се изложени околу четириесетина експнати. Во вториот или северозападен сегмент од поставката се изложени инженериски машини, возила и системи за врски, противавионски ракетни системи и влечна и самоодна артилерија од период после 1945 година. Во третиот североисточен сегмент се изложени артилериски орудија од периодот помеѓу 16 и 19 век, реликтни орудија и друго.

Во последниот сегмент се распоредени противтенковски ракетни системи, интерактивна платформа, тактички и оперативни ракетни системи, млазни системи за оган и други експонати.

На првиот кат од главната зграда од Музејот на артилеријата, инженеријата и врските, веднаш после влезот од десна страна се наоѓа првата изложбена хала во која е распореден делот со историјата на артилериски орудија на Русија кој го покрива периодот од средината на 19 век. Во овој дел се изложени униформи, голем број ладни оружја (сабји, ножеви, бодежи итн.), средновековни оклопи за заштита, огнени оружја, артилериски орудија од 14 и 15 век, како и бродски бронзени топови од истата ера. Во овој дел од музејот може да се погледнат и неколку диорами од битки, како и различни записи и документи.

Во спојот (коридорот) помеѓу првата изложбена сала и втората изложбена сала се распоредени орудија користени од западноевропските сили во периодот од 15 до 17 век. Во овој дел има изложено самострели, бодежи, оклопи, делови од опрема итн. Несекојдневни оружја во овој сегмент се: сабја-пиштол и топ со седум ротирачки цевки. Во втората изложбена хала се наоѓаат артифакти од руската артилерија во периодот од средината на 19 век па сè до 1917 година. Во овој дел се изложени артилериски орудија кои го демонстрираат растот и промените после поразот на Русија во Кримската војна како што се брзострелнните топови, делови од артилериските гранати, транспортни системи за орудијата, унифицирањето на артилериските чаури, воведувањето



# Петербург

Сместен во тврдината на Петар и Павле, дел од оригиналната цитадела на Санкт Петербург од 1703 година, Воениот музејот на артилеријата, инженеријата и врски плени со својата надворешна убавина и локација. Самата историја и грандиозност на овој објект, во целост го прави соодветен за огромната колецијата на историски артефакти од артилеријата, инженеријата и системите за врски



На десната страна од третиот кат од музејот се наоѓаат две соби, од кои едната е посветена на Михаил Калашников, дизајнерот на најраспространетата и најпроизведувана јуришна пушка „АК-47“. Самата соба е наречена „Човек, оружје, легенда“. Овде, покрај сериски произведените модели на „АК-47“ се наоѓаат и некои уникатни и експериментални примероци. Во збирката се и неколку лични донации од самиот Михаил Калашников на музејот, помеѓу нив е и возилото „UAZ 3151“, кое го користел за лов, голем број на документи и забелешки од конструкторот итн.

на бесчадниот барут итн. Во овој дел се изложени и експерименталните 8 инчни и 9 инчен крајбрежен топ. На левата страна од првиот кат се наоѓа изложбената хала за историјататот на ракетното вооружување. По хронолошки редослед се распоредени многу артифакти, меѓу кои и примерок од првите типови на артилериски сигнални ракети со падобран, легендарната „BM 13 Katyusha“, „9K52 LunaM“, повеќецевни лансери, како и делови со вселенската програма итн. Наредната изложбената хала е посветена на инженериските единици после 1917 година. Посебно интересни примероци на опрема кои се изложени во овој дел се: оклопното возило од 1917 година, оделото наменето за ивидувачки единици со цел совладување на електрифицирани препреки, препарирани кучиња со експлозив, пресеци на експлозивни полнења, разни видови мини (подводни, против тенковски, противпешадиски) и диорами со фортификациски уредувања, подземни скривници и бункери. На десната страна од третиот кат од музејот се наоѓаат две соби, од кои едната е посветена на Михаил Калашников, дизајнерот на најраспространетата и најпроизведувана јуришна пушка „АК-47“. Самата соба е наречена „Човек, оружје, легенда“. Овде, покрај сериски произведените модели на „АК-47“ се наоѓаат и некои уникатни и експериментални примероци. Во збирката се и неколку лични донации од самиот Михаил Калашников на музејот, помеѓу нив е и возилото „UAZ 3151“, кое го користел за лов, голем број на документи и забелешки од конструкторот итн. Другата соба е посветена на врскарските единици во периодот на Втората светска војна, а во неа особено интересен е примерокот на телеграфот 2BDA-43, преку кој е пренесена пораката до Москва за безусловното предавање на Германија. Во првата изложбена хала се сместени експонати од артилериски орудија од периодот на Втората светска војна, и тоа од 1941 до 1943 година.
Во оваа хала, по хронолошки ред, од почетокот на т.н. „Големата патриотска војна“ па сè до поразот на германските сили, се изложени различни експонати како фотокопија на планот за освојување на Русија: „Барбароса“, оружјето со кое располагале руските сили во тој момент, повеќецевниот систем „BM 13 Katyusha“ итн. Голем дел од халата е посветен на 900-те дена на одбраната на Ленинград. Дел од артилериските орудија кои учествувале во битката во Ленинград се изложени во овој дел, како и дел на противавионската артилерија. Поставката посветена на Михаил Кутузов и војната во 1812 година е сместена во коридорот помеѓу првата и втората изложбена хала. Историјата на артилериските орудија за периодот од 1918 г. па сè до јули 1941 година, е опишана низ експонатите во втората изложбена хала. На левата страна од третиот кат е распоредена изложбената хала посветена на артилериските орудија од Втората светска војна за периодот од 1943 до 1945 година, каде е опишан развојот на артилериските единици во Русија, како и новите модели на артилериски орудија произлезени во текот на војната. Коридорот помеѓу двете изложбени хали е искористен за сместување на поставката за историјата на врскарските единици за периодот после 1945 година.
Самиот музеј е мошне голем и за вообичаена посета би ви биле потребни 3 часа. Влезницата за овој музеј ќе ве чини само 4,5 евра, но со сигурност ќе има што да видите. Ќе можете да го видите развојот на руската артилерија, инженерија и врски низ годините.

Златко Блажески



# Александар Тасевски
## Пилот и основоположник на контролата на летање во Македонија

Александар Тасевски, во далечните триесетти години на минатиот век прилепчани го познавале како умно, мирно, друштвено и послушно момче од сиромашна фамилија. Други, пак, го забележале како свој херој и прв прилепски пилот во Југословенското кралско воено воздухопловство. Роден е во населеното место именувано како Варош во Прилеп, дамнешната 1915 г., во држава која тогашната историја ја именувала како Кралство на Србите, Хрватите и Словенците, а подоцна и Кралство Југославија. Неговата воздухопловна приказна започнува со зачетоците на македонската цивилна авијација, кога во текот на 1925 г. Обласниот одбор на аероклубот „Наша крила“ во Скопје го добил првиот цивилен авион од типот „Кодрон“. Тоа бил и првиот цивилен авион на целата кралска југословенска територија.Со тој авион биле правени промотивни летови на целата тогашна македонска територија. Летал над Скопје, Куманово, Прилеп, Битола, Штип, Дебар, Тетово, Струмица, Гостивар, Гевгелија и над сите останати населени места, каде ги будел мечтите и сништата на помладите, но го провоцирал и интересот на постарите генерации. Веројатно тоа го понело и младиот Александар Тасевски, кого го викале Цане, да почне потајно да сонува за пилотска кариера и офицерска униформа. Но, не би бил прилепчанец, ако немал прекар, Цане – Амбаро. Желбата за воена униформа и високи воени чинови ја имал и неговиот најблизок другар

> Како што пишував и претходно, историјата и војните ги менувале границите и имињата на државите и луѓето, но не можеле да ги променат личните човечки идентитети, приватноста и чувството за припадност. Александар Тасевски се чувствувал и се декларирал како Македонец, а таков останал и до крајот на својот живот

Милутин. Тие сништа биле длабоко скриени во душата на Александар, бидејќи реалноста била сосема поинаква. Неговото сиромашно семејство макотрпно работело за сопствената егзистенција, па и не помислувало на негово испраќање во воздухопловна школа, далеку од сопствениот дом. Но, велат, среќата ги следи оние кои сонуваат за неа. Таткото на Милутин кој во тоа време, бил учен и почитуван еснаф, сакал да ја задоволи желбата на својот син да замине во офицерска школа. Со негово лично ангажирање и согласност од таткото на Александар, двете прилепски момчиња ги запишал во военото училиште во Белград – Србија. Обајцата другари биле примени во пешадиска офицерска школа, каде заминале на почетокот на есента 1930 г.

Силната желба за самостојна и просперитетна иднина бил основниот двигател на Александар Тасевски, успешно да ја заврши т.н. подофицерска школа и да добие соодветно работно место, а со тоа и сопствена егзистенција и можност за кариерно напредување. Во текот на 1935 г. тој е унапреден во пешадиски потпоручник и веднаш бил распореден во 4. чета на пешадискиот полк во Ваљево (Република Србија). Таму се истакнувал како исполнителен офицер со особен карактер и цврста волја. Притоа, тој запознал и многу нови пријатели, личности и карактери на војници од сите подрачја. Со нив, тој научил течно да говори српско-хрватски јазик, не заборавајќи го сопствениот македонски јазик, како што не ја заборавал ни желбата за пилотскиот позив. Со сите претходни карактеристики и стекнати пријатели, кон крајот на 1938 г. тој успеал да добие препорака и да биде испратен во пилотската школа на авиополкот во Панчево. Цврст и упорен кон остварувањето на сопствените цели, во текот на 1939 г., успешно ја завршил и пилотската обука.



Следувал период кога немало граница на среќата и радоста на Александар од сопствениот успех и постигнатата цел. Но, сепак, копнежот за топлиот дом и семејството оставале неисполнета празнина во неговото срце. Сакајќи целосна лична и професионална исполнетост, кон крајот на годината, тој поднел лично барање за преместување, односно прекомандување поблиску до своите најблиски и родната грутка. На негово изненадување, а во согласност со потребите на военото воздухопловство, тој веднаш добил прекоманда за служба во Скопје. Бил распореден во 3. кралски воен воздухопловен полк во Скопје, во 63. воздухопловна група на 205. ескадрила. Во тој период, полкот штотуку почнал да се опремува со авиони од типот „Дорниер До-17К“. Период кога „мирисот“ на војната длабоко се чувствувал, а бил честа причина за дислоцирање на авионите низ леталиштата на овој простор. Биле преместувани на леталиштата во Струмица, Ражановска Коса, Петровец, Оризари, Канатларци,



Жеден итн. Релоцирањето на авионите зависело од самиот тип на авиони. Александар Тасевски тогаш бил назначен за пилот токму на овој новодојден авион, од типот „Дорниер До-17К“, кој спаѓал во групата на модерни лесни бомбардери. И покрај сите постигнувања, радоста на Александар траела кусо. Почетокот на Втората светска војна, означен со шестоаприлскиот германски напад во 1941 г., значел и крај на неговата пилотска кариера во таа, тогашна држава. Непријателскиот воздушен напад од правецот на Бугарија ги уништил скоро сите воени авиони лоцирани на овој простор, а меѓу нив и најголемиот број на „Дорниери“. Но не само авионите. Во оваа нерамноправна борба, или ненадеен напад, загинало недолжно население, но и многу наши пилоти кои не успеале ни да седнат во авионите. Преостанатиот дел од преживеаните пилоти, со помош на сојузничките сили, главно британски, биле прифатени во Битолскиот регион. Од таму, со обезбедени посебни дозволи за



По завршувањето на полагањето се вративме дома во Прилеп. По извесно време бевме обавестени дека сме примени и да се јавиме на 1.октомври 1930 година во Војното училиште во Белград.

На 1. октомври 1930 година го започнав школувањето а го завршив на 1. октомври 1935 година, кога бев унапреден како пешадиски потпоручник и распореден во 4. чета 1. баталјон 5. пешадиски полк во Ваљево.



Александар Тасевски бил примен на обука за контролор на летови на првиот објавен конкурс за контролори на летање од Управата за цивилна воздушна пловидба на Федеративна Народна Република Југославија во Белград. Со оглед на повеќегодишното искуство во управувањето со авиони и општото воздухопловно знаење и искуство, непречено и со посебни пофалби, успешно ја завршил и оваа обука. Првото повоено, работно место му било на цивилниот аеродром во Скопје (сегашна населба Аеродром), со што може да се стави во редот на основоположниците на контролата на летањето во Македонија

патување тие биле префрлани, преку Грција, кон Египет и Африка. Таму биле прифаќани од интернираната југословенска команда, а со нејзино одобрување ги продолжувале своите летачки активности, главно со извидувачки мисии, но за потребите на британската војска. Секако, оваа „животна“ приказна, во која учествува и самиот Александар Тасевски е многу долга и не е можно да се раскаже целосно низ ваков ограничен простор.

Како и да е, пред крајот на Втората светска војна, во текот на 1944 г., Александар, со сојузнички авион на „мистериозен“ начин е вратен во Македонија. Не очекувал дека овде ќе го дочека вистинска голгота. Со години бил испитуван од безбедносните служби, и наместо да стекне гордост и слава за своето учество во антифашистичката борба, тој понекогаш доживувал и омаловажувања и оптужувања како дел од кралската војска. Притоа, не ретко, му биле наметнувани и невистинити за соработка со измислени непријатели. Се спротивставувал како змејот на ветриштата, а неволјите го правеле поцврст и посилен. Сепак, велат, пред аргументите и боговите молчат. Така, документите и аргументите ги докажале високите воени заслуги на Тасевски, кој веќе бил демобилизиран и без важечки дозволи за пилотирање. А животот секогаш продолжува да тече и да донесува нови збиднувања. И покрај доживеаната голгота, Александар не ја заборавил љубовта кон авијацијата. На првиот објавен конкурсот за контролори на летање од тогашната Управа за цивилна воздушна пловидба на Федеративна Народна Република Југославија во Белград, тој конкурирал и веднаш бил примен на обука за контролор на летови. Со оглед на повеќегодишното искуство во управувањето со авиони и општото воздухопловно знаење и искуство, непречено и со посебни пофалби, успешно ја завршил и оваа обука. Првото повоено работно место му било на цивилниот аеродром во Скопје (сегашна населба Аеродром), со што може да се стави во редот на основоположниците на контролата на летањето во Македонија. На истиот аеродром Тасевски ја завршил својата приватна и професионалната кариера. Таму, во почетокот на својата професионална кариера, било неговото семејно место на живеење и место на извршување на професионалната работа како контролор на летање. Таму, безбедно го раководел летањето, а како инструктор и раководител создавал нови генерации контролори. Таму го доживеал и своето пензионирање, за да остане во историските анали и воздухопловните сеќавања како предвоен пилот и повоен градител на контролата на летови во нашата, сега сега самостојна држава.

Ѓорги Чачкиров

## Авион „Дорниер ДО-17К“

Авионот „Дорниер ДО - 17К“ (популарно нарекуван „летачки молив“) спаѓа во категоријата на лесни бомбардери. Дизајниран е во текот на 1930 г., а се произведувал до крајот на 1940 г. Првите авиони од овој тип, произведени во Германија, се донесени во Скопје во текот на 1938 г. Авионот е изграден со целосно метална конструкција. Го движеле два радијални мотори од типот „БМВ VI 6,3“ вградени на крилата. Во текот на производството на авионот се вградувани и други мотори, како: BMW VI; Hispano-Suiza 12 Ybrs; Gnome-Rhone K14; Bramo 323A/P; Daimler Benz DB 600G/600N; BMW 132N; Daimler Benz DB 601/601A, сите со моќност од 1500 до 2100 КС. Трупот му бил со елипсовидна форма, со исклучок на делот каде што се сместувале бомбите. На краиштата на хоризонталниот стабилизатор биле вградени 2 вертикални стабилизатори. Бил мошне популарен меѓу пилотите поради неговата лесна управливост.

**Основни карактеристики на авионот:** должина 15,8 м., растојание на крилата 18 м, површина на крилата 55 м2, височина 4,56 м, максимална тежина при летнување 8.850 кг, а максимална брзина во летање 427 км/час. Во полна готовност со авионот раководел екипаж од 4 членови.



# САПУН – Повеќе од личен заштитник

Од денешна перспектива би било тешко и да се замисли човештвото без сапун. На овој прастар изум секако дека му го должиме опстанокот на голем дел на човештвото и животот каков денес го знаеме. Миењето раце со сапун е најефективниот начин да се отстранат штетните микроби

Дали ги изми рацете? Дали користеше сапун? Овие прашања ги слушаме секојдневно, но тоа е со добра причина. Миењето со сапун е од суштинско значење за да се спречи ширењето на микробите што не прават болни. Микробите ги има насекаде, буквално, насекаде. Во воздухот, почвата, водата и на секоја површина, вклучувајќи го и нашето тело. Повеќето микроби се безопасни, а некои се важни за здравјето на луѓето, како оние што живеат во нашите црева. Но, постојат неколку микроби кои предизвикуваат проблеми и тоа се оние кои претпочитаме да ги немаме на нашите тела или во нив. Нашата прва линија на одбрана од тие штетни микроби е токму сапунот. Хигиената на рацете е една од најважните работи што треба да се направи за да се спречи ширењето на некоја инфекција. Пораснавме слушајќи дека мора да користиме вода и сапун за правилно миење на рацете. Затоа, може да се каже дека мајките веројатно се првите експерти за превенција и контрола на инфекциите во нашите



животи, бидејќи ја познавале важноста на чистите раце. Хигиената на рацете останува и понатаму една од најважните работи која треба да се направи за да се спречи ширењето на инфекција.

## Што е сапун?

Сапунот, кажано со хемиски речник, претставува алкална сол на вишите масни киселини. Се користи за перење, миење, капење, како и за чистење но, исто така, сапунот е важна компонента на средствата за подмачкување. Може да се најде во тврда агрегатна состојба или во состојба на вискозна течност. Сапуните се добиваат со третирање на растителни или животински масла и масти со силно алкален раствор. Мастите и маслата се составени од триглицериди: три молекули на масните киселини прикачени на еден молекул на глицерол. Алкалниот раствор, често натриум хидроксид, предизвикува хемиска реакција, позната како „сапонификација“.
При сапонификацијата мастите се разградуваат (хидролизираат), при што се добива суров сапун. Маснотиите се трансформираат во соли на масните киселини, а се ослободува глицеролот, оставајќи го глицеринот како спореден производ. Во таквиот сапун обично се додаваат и други состојки, како боја и мирис, за да се направи попривлечен. Значи, сапунот се добива со хемиска реакција помеѓу киселина (масло, маст) и база (натриум хидроксид или каустична сода). Процесот се вика сапонификација, а резулатот е сапун. При оваа хемиска реакција на база и киселина, како што рековме резултатот е сапун, но при реакцијата се ослободува уште една многу важна состојка – глицеринот, кој ја негува кожата и ја задржува влажноста. Предност на рачно изработениот сапун е глицеринот – природен омекнувач на кожата кој се ослободува при процесот на сапонификација и кој останува во природниот сапун, за разлика од повеќето индустриски сапуни кои понатаму се процесираат, при што глицеринот се екстрахира од сапунот. Комерцијалните сапуни содржат и токсини, конзерванси, бои и ароми кои лесно можат да ја иритираат кожата и придонесуваат за сушење на кожата. Само пред неколку генерации, секое семејство си правело сапун за своите потреби. Откако ќе стигнела одредена количина на каустична сода во помалите градови, се делела на сите домаќинства и сите се зафаќале со сапонификација. Но, во минатото кога нашите баби правеле сапун, нивните резултати биле непостојани, некогаш сапуните биле со премногу масло, некогаш премногу суви. Сега знаеме дека секое масло има своја точка на сапонификација, што значи дека може да се пресмета точно колку сода е потребно за да се неутрализираат маслата и за да се добие благ сапун, кој ја чисти но и ја негува и ја навлажнува кожата. Уште една предност  е што ни се достапни разни видови на масла, путери, зачини и тревки, како и информации за нивните полезни дејства. Во сапуните се користат комбинација на масла кои ја чистат и ја негуваат кожата,  кокосово, маслиново, палмино. Сапуните можат да се направат со ладна или со топла



постапка. Состојките се исти, разликата кај постапките е во температурата кога се изработуваат сапуните и во траењето на процесот на сапонификација. Кај ладната постапка, температурата на состојките од кои се прави сапунот се движи од 30 до 40 степени Целзиусови, но процесот на сапонификација трае 5 до 6 недели. Потребни се време и трпение, но ако некогаш се решите да пробате да си направите сами природен сапун, ќе се изненадите колкаво поле за изразување на вашата креативност ќе се отвори пред вас.

## Историја на правењето сапун

Можете ли да го замислите животот денес без сапун? Човештвото користело сапун со векови. Сапунот денес се наоѓа во секој дом и малкумина од нас размислуваат за историјата на неговото настанување. Како станал главно средство за хигиена во нашите животи? За да се одговори на ова прашање, мора да се вратиме во далечното минато. Историски докази за производството на првите претходници на сапунот датираат од раниот трет милениум пред новата ера, а се пронајдени во археолошките слоеви на вавилонската култура. На глинените плочи од Вавилон се наоѓаат и првите формули за изработка на материјали за лична хигиена, кои се состоеле од вода, алкални материи и масло од растението цимет. Во стариот Египет, личната хигиена имала важна улога во секојдневието, за што сведочат пишаните траги за редовната практика на бањање, како и археолошки докази за траги на квази-сапунски материјали кои настанале со комбинирање на масла од растително и животинско потекло са алкални соли. Најраното споменување на поимот сапун (на латински „sopa“) го пронаоѓаме кај Плиние Постариот, во неговата Историја на природата како име за крема за коса, за која тој со потсмев вели дека галските и германските мажи ја користат повеќе отколку жените. Наспроти вкоренетото мислење, Римјаните главно не ги познавале хигиенските својства на сапуните и користеле ароматични масла и механички средства за стругање на нечистотијата од телата. Првото споменување на детерѓентската употреба на сапунот датира од средината на вториот век на нашата ера, кога римскиот лекар и филозоф Клаудие Гален ја спомнува првата масовна изработка на цврсти сапуни кај Германите и Галите, со препорака дека овој производ би требало да се користи за отстранување на нечистотиите од човечкото тело. Првите сапуни се добивале со

преработка на масти од животинско потекло, сè додека средновековните арапски хемичари не развиле сапуни со преработка на маслиново масло, темјан и каустична сода. Поквалитетни сапуни во ограничени количини се изработувале во Европа дури во шеснаесеттиот век, со преминот на употреба на растителни масти како основна суровина. Во древната Кина сапунот не се правел. Кинезите имале на располагање природна алтернатива богата со сапонин, детергентскиот елемент на сапунот. Тоа било дрвото на сапунестиот грав, кој произведувал благ детергент кога ќе се згмечел. Екстрактот се обликувал во топчиња, заедно со брашно, минерален прав и парфеми, и тоа од времето на династијата Хан. Топчињата се користеле за миење на сапун е патентиран во деветнаесеттиот век. Но, производството на ваков облик на сапун станува масовно дури кон крајот на 1980-тите. Течните сапуни се засноваат врз синтетички детергенти и по формулација се слични на шампоните. Активни материи кои најчесто се користат се алфа оелин сулфонати и лаурил сулфати. Меѓу иновациите во течниот сегмент можат да се издвојат и сапуните во облик на пена.

## Како функционираат сапуните?

Сапуните го овозможуваат чистењето благодарение на специфичната структура на нивните молекули. Молекулите на сапунот имаат хидрофилен дел што се раствора Но, сапунот сака и вода и масло. Кога ги миете рацете со сапун, молекулите на сапунот дејствуваат како посредник помеѓу молекулите на водата и маслото и се врзуваат со двата истовремено. Потоа, кога ќе исплакнете сè, сапунот ги носи микробите со водата. За најефикасно миење на рацете, мора да користите сапун и мора да бидете темелни. Направете пена бидејќи триењето помага да се отстранат нечистотиите и маслата од вашата кожа. Сапунот е моќен, но не може да ја заврши целата работа самостојно. Колку време треба да ги миете зависи од тоа колку ви се валкани рацете, но повеќето здравствени авторитети препорачуваат најмалку 20 секунди. Износот на времето игра голема улога во ефикасноста на миењето на рацете,



Сапунот е повеќе од личен заштитник. Кога се користи правилно, станува дел од општествената безбедност. На молекуларно ниво, сапунот работи со уништување на микробите, но на ниво на општеството, помага да се одржи сè заедно. Запомнете го ова следниот пат кога ќе имате нагон да го заобиколите мијалникот: Животите на другите луѓе се во ваши раце

телото и лицето сè до дваесеттиот век. Кога масните сапуни биле увезени во Кина, многу стари луѓе одбивале да ги користат, бидејќи тие биле многу поблаги од екстрактите на сапунскиот грав, тврдејќи дека дури белата свила перена на традиционален начин со топчиња на екстракт останува бела, и покрај тоа што се перела и по неколку пати. Техниката на произведување сапун останала неизменета до 1916 година, кога недостигот од животински масти за време на Првата светска војна ги приморал Германците да прават синтетички сапун. Уште една новост се појавила во 1946 година кога Американците пуштиле во продажба детергент со сурфактанти (тензиди) кои го намалуваат површинскиот напон на водата во допир со друга супстанција и така успеваат да ја отстранат нечистотијата. По само неколку години, во 1953 година, продажбата на детергент во САД била поголема од продажбата на сапун. Првиот течен во вода и хидрофобен дел што ги раствора неполарните молекули на мастите. Маснотиите што биле задржани на кожата или ткаенината, со дејствување на сапунот почнуваат да се раствораат во водата благодарение на формирањето „мицели“. Мицелите се составени од неколку десетици или стотици молекули, чии хидрофилни групи се свртени кон водата, а хидрофобните синџири се свртени еден кон друг. Хидрофобниот дел ги раствора мастите од нечистотијата и овозможува нивно отстранување во водениот раствор, во облик на емулзија. Миењето раце со сапун е најефективниот начин да се отстранат штетните микроби. Сапунот не ги убива микробите на нашите раце, туку само ги отстранува. Микробите се лепат на маслата и маснотиите на нашите раце. Водата сама нема да отстрани многу од микробите на нашите раце затоа што водата и маслото не се сакаат едни со други, па затоа нема да се мешаат. па така ако ги миете рацете само 15 секунди, отстранувате околу 90% од патогените микроорганизми, но со дополнителни 15 секунди, отстранувате 99,9% од патогените микроорганизми. И не заборавајте да загребете под ноктите. Таа област е главно живеалиште на микробите. Откако ќе ги измиете рацете, не заборавајте да ги исушите на воздух или да ги исушите со крпа. Нема договорена најдобра практика за сушење, но влажните раце се со поголема веројатност да шират микроби. Се препорачува миење на рацете со вода и сапун, но ако тоа не е опција, тогаш средството за дезинфекција на рацете е добра резервна опција. Студиите откриле дека средствата за дезинфекција на рацете со концентрација на алкохол од 60-95% се поефикасни во убивањето на микробите отколку средства за дезинфекција без алкохол или со помал процент на алкохол.

Александар Стојчевски



# „Ние можеме“
## Историјата на еден постер

Мошне често и денес по повод различни настани поврзани со правата на жените може да се забележи еден постер со слоган „Ние можеме!“ (We can do it!), на кој е претставена жена-работничка, облечена во сина работничка кошула со подвиткани ракави, со интересна црвена шамија со бели точки на главата, која провокативно ги покажува своите бицепси на раката свиткана во тупаница. Во овој број на „Штит“ ќе ви ја раскажеме приказната за познатиот постер и за жената која му била инспирација на авторот на постерот

Постерот со слоганот „Ние можеме!“ е дело на познатиот американски уметник Хауард Милер, кој бил познат по изработка на воени постери. Постерот е создаден за време на Втората светска војна, во 1943 година, и е дел од серија постери нарачани од страна на претпријатието „Вестингхаус електрик“ (Westinghouse Electric). Постерот, заедно со другите постери, бил изложен некое време во кругот на претпријатието со цел да ги мотивира и да ги поттикне работниците од двата пола подобро да работат и да се залагаат за работата. Самиот постер во тоа време останал незабележан, но во текот на осумдесеттите години на 20 век излегува од анонимност и се здобива со светска слава кога бил користен од страна на припадничките на феминистичкото движење. Од тогаш до денес е мошне често користен во популарната култура за најразлични цели и поводи.
Жената која е претставена на постерот била нарекувана „Работничката Рози“ и била американска персонификација за улогата на жените во војната.
Постерот „Работничката Рози“ станува познат по тоа што ги поттикнувал жените да даваат свој придонес во текот на Втората светска војна, работејќи во воените фабрики. Модел за ликот на Рози била работничката Наоми Паркер. Наоми била родена 1921 година во Оклахома како трето од осумте деца во семејството на рударскиот инженер Џозеф Паркер и Естер Лес, домаќинка. Семејството од Оклахома подоцна се преселува во градот Алмеда во Калифорнија. Наоми најпрвин работела како келнерка во родниот град, но мошне бргу по започнувањето на војната, веднаш по нападот од страна на Јапонија врз Перл Харбур, заедно со својата помлада сестра Ада се вработува во работилницата на воздухопловната база во Алмеда, Калифорнија. Работела на машина за






Иако постерот „Работничката Рози“ бил создаден да ги мотивира жените кои работат во фабриките, пораката која се препознава во постерот и која ја пренесува ликот на Наоми Паркер е употреблива до ден денес и претставува симбол на женската моќ. Преку овој постер на посебен начин се отсликува борбата за рамноправност на жената во модерното општество

брусење во погонот за ремонт на авионски крила.

Во 1942 година, на свои дваесет години, Наоми му позирала на еден фотограф кој бил во обиколка на базата. Била облечена во сина работничка кошула и на главата носела бандерана од црвена шамија со бели точки. Фотографијата била објавена во неколку списанија, каде ја забележал и познатиот уметник Хауард Милер, кој ја искористил да го направи легендарниот постер од 1943 година, именувајќи ја како „Работничката Рози“ (Rosie the Riveter), создавајќи го слоганот „Ние можеме“.

По војната Наоми Паркер продолжува да работи како келнерка во еден ресторан во Палм Спрингс, каде доаѓале и популарни и славни личности од тоа време. Постерот останал во заборав сè до осумдесеттите години на 20 век, кога бил откриен од страна на феминистките и нивното движење во Соединетите Американски Држави и бил користен со цел да ја промовира моќта на жената. Постерот „Работничката Рози“ се користел и во кампањите на некои политичари од САД, меѓу кои го користела и Хилари Клинтон. Јавноста во тој период се заинтересирала да открие која е девојката од постерот.

Наоми Паркер доживеала длабока старост и често била посетувана и интервјуирана во врска со постерот во својот дом во Вашингтон, каде и починала во 2018 година на 96-годишна возраст. За влијанието на постерот и слоганот „Ние можеме!“, Наоми Паркер има изјавено: „На денешните жени им е потребен лик со кој ќе се поистоветуваат. Доколку јас сум тој лик барем за една жена, јас сум навистина среќна особа“.

Иако постерот „Рози работничката“ бил создаден да ги мотивира жените кои работат во фабриките, пораката која се препознава во постерот и која ја пренесува ликот на Наоми е употреблива до ден денес како симбол на женската моќ. Преку него се отсликува борбата за рамноправност на жената во модерното општество.

Мора да споменеме дека за Наоми до неодамна малку се знаеше и долги години немало сознанија која е вистинската Рози Риветер. Во еден период се претпоставувало дека тоа е извесна Џералдин Дојл, којашто за време на војната работела во фабрика во Мисури. Но, благодарение на подлабоки истражувања било откриено дека всушност тоа е Наоми Паркер Фрајли, која после војната работела како келнерка.

Во едно од интервјуата дадени во 2016 година, Наоми Паркер рекла дека долги години не ни претпоставувала дека на постерот е всушност нејзиниот лик. Дури во 2016 година, кога видела статија во која стоела нејзината фотографија од фабриката и во која се објаснува дека тоа е девојката на постерот, сфатила за што се работи.

Постерот стана толку популарен што и денес може често да се види на протести организирани од женски движења во светот.

Кристина Трајановска





# „ПАСКАЛ“
## Елитната специјална единица на Малезија

Тие се познати по нивната специјалност, непогрешливост и тактичност. Секој не може да биде дел од елитната единица, тие се избраните, најдобрите. Тие се еден тим, еден ентитет кој е успешен токму поради беспрекорната соработка. Нема задача која е несовладлива за нивната експертиза, бидејќи тие применуваат техники и тактики кои се докажано успешни на терен. Но, што ако треба да се борат против некој кој ги знае сите нивни чекори и размислувања, што ако непријателот е еден од нив? „ПАСКАЛ“ е филм за истоимената специјална единица на малезиската морнарица и ни прикажува една вистинска приказна за тоа што значи да се биде „ПАСКАЛ“, за достоинството, храброста и братството, но и за незадоволството, одметништвото и предавството. Снимен со буџет од речиси два и половина милиони долари, ова е најскапиот малезиски филм направен досега.

**Врвно трио**

Филмот се фокусира на тројца главни протагонисти, членови на единицата кои стануваат и добри пријатели – Арман, Џеп и Џошуа. Првите сцени ни покажуваат што всушност прави нивната единица, воведувајќи нè во приказната со познатата операција „Изгрев“ за спасување на заложниците на киднапиран танкер во Аденскиот Залив од страна на сомалиски пирати, за потоа да се наврати години наназад, на почетоците на тројцата командоси во оваа единица и зачнувањето на нивното пријателство кое ќе трае сè до една мисија во Африка откако Џошуа е убиен ненамерно од страна на Џеп. Од тој момент, патиштата на останатите двајца, Арман и Џеп, тргнуваат во спротивен правец.

Арман Анвар е истакнат припадник на познатата малезиска единица. Исто како неговиот покоен татко, кој го загубил животот за време на мисија, тој е посветен и примерен војник кој неговата работа ја има сфатено како семејно наследство, а татковината ја поистоветува со неговото семејство, што наидува на негодување кај неговата мајка, која веќе загубила волја да се труди да разбере која е силата што ги влече мажите во нејзиното семејство кон таква жртва. Тој сака да открие што е тоа што развило толку голема приврзаност кај неговиот татко кон службата, што било посилно и од приврзаноста кон сопругата и синот и затоа и се пријавил да биде дел од ПАСКАЛ, но сега, Арман размислува да се повлече и да се врати дома кај мајка си и да ѝ ги скрати грижите кои ги има околу опасната работа на нејзиниот син …

Џеп, за разлика од Арман кој важи за олицетворение на доблестите на ПАСКАЛ, се менува драстично по смртта на Џошуа, посочувајќи ја командата на специјалната единица како одговорна, бидејќи ги пратила како мировници, без оружје, во опасна земја и е суспендиран поради






тоа. Револтиран од смртта на неговиот другар и суспензијата, Џеп ја губи вербата во единицата и запаѓа во темниот свет на нелегалните активности во замена за материјална добивка. Но, неговото знаење и врвни вештини стекнати на тренинзите на ПАСКАЛ, не се заборавaат и тоа му дава огромна предност кога треба да се сретне со неговите поранешни соборци, но овојпат како негативец. Да се спречи Џеп во неговиот обид да киднапира нафтена платформа, е испратен, секако, неговиот поранешен пријател Арман и неговиот тим, што воедно треба да биде и негова последна задача на теренот пред повлекувањето кон канцелариска позиција, а истовремено и најтешка.

## Што значи да се биде „ПАСКАЛ“?

Единицата „ПАСКАЛ“ постои од 1982 година и е составена од мал број на командоси, исклучиво мажи и е примарната единица за специјални операции во малезиската морнарица. Првично формирана како антитерористичка единица, дејствувањето на „ПАСКАЛ“ брзо се проширува и во други области на воените операции, а се познати по нивните акции против пиратите и киднапирањата на танкери и бродови. Да се биде командос на единицата, бара голема ментална и физичка агилност, како и долг строг тренинг за докажување на вештините кој започнувал со тримесечна основна подготовка, па обука за падобранство, нуркање, експлозиви, комуникации, оперирање со електроника, медицинска обука, невооружена борба, трагање и спасување, разузнавање… Сето тоа, на крајот било крунисано со финален тест кој се фокусирал на издржливоста и снагата, односно, физички задачи кои требале да се извршат во одредено време. Нивниот амблем е т.н. „тримедиа“, а се однесува на трите средини (медиуми) во кои се специјализирани за оперирање – во воздух (падобранство), на земја и под вода (нуркање).
Но, како оваа единица е организирана внатрешно и каква опрема и вооружување носат со себе? Тоа им е познато на малкумина бидејќи е доверлива информација, но се претпоставува дека организацијата е многу слична на американските „Navy SEALs”. Во однос на опремата, се шпекулира дека финансиите кои се слеваат во оваа единица од



страна на нафтените и транспортни компании, им овозможува да располагаат со најсофистицираната и напредна технологија во светот, што не е никакво изненадување.

## Патриотска филмска белешка

Несомнено, идејата на режисерот е да го прикаже Арман како херој, не само за време на операциите, туку и во приватниот живот, рефлектирајќи го неговиот добродушен карактер во поддршката која им ја нуди на вдовицата на неговиот пријател и на неговата мајка. Подеднакво време во филмот е посветено и на тактичките сцени и на внатрешните дилеми и борби на главниот протагонист надвор од војничката униформа.

Филмот нема типичен наратив на акционен, воен филм каде постои една приказна која кулминира и се расплетува. Овде има фрагментација на три аспекти: историски (мисијата во Аденскиот Залив), тренингот во „ПАСКАЛ“ и она што веројатно би требало во некоја идеална интерпретација да биде главната приказна -– конфликтот помеѓу Арман и Џеп. Без подлабоки познавања на малезискиот менталитет и историја, ќе земеме слобода да претпоставиме дека идејата на филмот е нагласено патриотска. Во ситуација кога треба да се раскажува воена приказна за војска која во својата историја нема некоја бурна и значајна војна, ориентирањето кон познатата специјална единица со нијанси на глорификација во тонот се чини како вистински чекор. Патриотизмот посебно доаѓа до израз во реченицата на Арман во последната сцена кон неговиот претпоставен, велејќи: „Мојата земја и моето семејство се едно исто“, како и во финалното одобрување од страна на неговата мајка.
Филмот „ПАСКАЛ“ е достапен на стриминг сервисот Нетфликс и е добитник на специјална награда од жири на „Asia Tropical Films“. Номиниран е за 7 други награди на повеќе филмски фестивали. Ако не сте слушнале претходно за оваа елитна единица, стоте минути на телевизискиот екран од режисерот Адриан Тех се доволни за да добиете слика за што станува збор, особено затоа што самиот режисер гарантира автентичност на прикажувањето на овие херои, од начинот на држење на оружјето, војничкиот поздрав и други детали вметнати благодарение на консултантите, експерти од „ПАСКАЛ“, кои биле ангажирани за потребите на снимањето на најскапиот малезиски филм досега.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** Adrian Teh

**Улоги:** Hairul Azreen, Henley Hii, Ammar Alfian

**Сценарио:** Adrian Teh, Anwari Ashraf

**Монтажа:** Monster Than, Moray Toon

**Кинематографија:** Yong Choon Lin

**Времетраење:** 115 минути

**Земја:** Малезија

**Година:** 2018 година

**Награди:** Специјална награда од жири на „Asia Tropical Films“ и уште 7 други номинации



# Скопска Црна Гора – скопска Света Гора

Скопска Црна Гора е средно висока планина, која се протега помеѓу Кумановската Котлина на исток, Скопската Котлина на југ и реката Лепенец на запад. Планината е карактеристична по долгите планински била и ограноци, заоблени и делумно каменливи врвови со повеќе длабоки долини помеѓу нив. Највисок врв на Скопска Црна Гора е Рамно со 1651 м височина. Врвот се наоѓа речиси во средишниот дел од планината, над селото Брест. Од Рамно се протега прекрасен видик кон источниот дел на планината и кон Кумановско Поле. Освен Рамно, повисоки врвови се и Свињски Камен над манастирот Матејче со 1628 метри, потоа Црвени Камен над с. Стрима со 1608 метри, прекрасниот врв Кепи Вдорис со 1537 метри. Со длабоката и изразена долина на Липковска Река, Скопска Црна Гора е поделена на западен повисок дел и на источен дел кој се нарекува Карадак. Климата на Скопска Црна Гора е пријатна, особено во летниот период на годината, со чист и свеж воздух, кога температура е за неколку степени пониска од онаа во Скопско или во Кумановско. Затоа е погодна за летен излетнички туризам. Зимите се студени, со врнежи од снег во повисоките делови кои се задржуваат 2-3 месеци. Интересно е што во зимскиот дел од годината, особено кога по котлините има магли, на Скопска Црна Гора може да биде за некој степен потопло и сончево. Планината се одликува со голем број извори, а дел од изворите имаат минерален карактер. Растителниот свет е разновиден, со доминација на дабово-букови и костенови шуми. Од дивеч се застапени волци, диви свињи, лисици, разни видови птици. Планината дава услови за рекреативно планинарење, панорамско набљудување, рехабилитација, игри и забава на снег, излетничка рекреација, параглајдинг и др.

Ниту во еден крај од нашата држава нема на толку мал простор толку многу манастири и цркви колку што има на подпланинскиот предел на Скопска Црна Гора. Во своите 11 села има девет манастири и околу дваесет поголеми и помали цркви. Поради тоа, овој предел во минатото, населението – Црногорците, понекогаш го нарекувале и Скопска Света Гора. Во минатото во Скопска Црна Гора имало многу свештеници и калуѓери. Се наоѓаат уште и остатоци од тврдини, кули, гробови, како и бројни типични стари куќи. Секое село има по неколку културно-историски споменици.

Кристина Илиевска










ZLATESA
MP